СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Педесет и третата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 24 декември 1992 година

Скопје, декември 1992 година

## ПЕДЕСЕТ И ТРЕТА (53) СЕДНИЦА, ОДРЖАНА НА 24.XII.1992

дневниот ред се наоѓа на стр. 73

1. СТОЈАН АНДОВ 1
2. БРАНКО АРСОВСКИ 4, 43, 123
3. МИТКО АНАСТАСОВСКИ 7, 17, 18, 57
4. ГОЦЕ АНДОНОВСКИ 2
5. ДРАГИ АРСОВ 21, 24, 39
6. ФАИК АБДИ 26, 44, 64
7. ТИМЕ АНДОНОВ 103
8. ДИМИТАР БАЈАЛЏИЕВ 53
9. ЃОРЃИ БОЈКОВСКИ 6
10. ЈОРДАН БОШКОВ 98
11. ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ 28, 30, 38, 97, 98
12. РАТКА ДИМИОРОВА 99
13. ТУШЕ ГОШЕВ 145
14. ТОДОР ДИМОВ 30
15. БЕКИР ЖУТА 124
16. ВАНЧО ЗЛАТАНОВ 34
17. БОРУС ЗМЕЈКОВСКИ 48
18. ТОМЕ ЗИМБАКОВ 114, 173
19. ВАСИЛ ЗИМБАКОВ 153, 154, 158, 161
20. ИВАН ИВАНОВ 80
21. ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ 35, 103
22. ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ 41, 91, 93
23. РИСТО ЈОВАНОВ 147, 150
24. ТАШКО КИРОВ 1
25. ЗОРАН КРСТЕВСКИ 3
26. РИСТО КЕЛЕШОВ 35
27. СТОЈАН КОВАЧЕВСКИ 43
28. ЗОРАН КИТЕВ 51
29. НИКОЛА КРСТЕВСКИ 57, 100
30. ЃОРЃИ КОТЕВСКИ 126
31. ВЕЦКО ЛИЧОСКИ 34
32. ТРАЈАН МИЦЕВСКИ 6, 7, 57
33. ВАНЧО МЛАДЕНОВ 9
34. ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ 10, 100
35. ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА 39, 97, 95, 123
36. СТОЈАН МИЛЕНКОВСКИ 116
37. МАРИН МИЛЕНКОВСКИ 120
38. АВДИ МУРТЕЗАНИ 37
39. БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ 14, 15
40. МИХАИЛ ПАНОВСКИ 5, 16, 19, 46, 61, 63, 84, 89, 90, 97, 98
41. ТЕОДОСИЕ ПАУНОВ 10, 13, 55
42. ШАБАН ПРЕВАЛА 31
43. АНТОНИ ПЕШЕВ 49
44. МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ 51
45. ЉУБОМИР ПОПОВСКИ 94
46. НИКОЛА ПОПОВСКИ 98
47. ТОДОР ПЕТРОВ 8,31,66,71,83,104,111,147,150,156,172
48. ИСМЕТ РАМАДАНИ 57, 81
49. СТОИЛЕ СТОЈКОВ 18, 95, 96
50. ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ 18
51. СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА 46, 107
52. НАКЕ СТОЈАНОВСКИ 56, 71, 118, 173
53. ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ 49
54. АСЛАН СЕЛМАНИ 122,125
55. ФЕРИД САДИКУ 35
56. БЛАГОЈ ТОШЕВ 26
57. ЏЕЛИЛ ТАИРИ 21,120
58. ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ 44
59. ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ 33,47,58
60. СЕЈФЕДИН ХАРУНИ 36,42
61. БЛАГОЈ ХАНЏИНСКИ 39
62. ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ 60, 65, 42, 72,
63. МУХАМЕД ХАЛИЛИ 65, 83, 103
64. АБДУРАХМАН ХАЛИТИ 115, 117, 119, 125,153
65. СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ 16
66. БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ 20,22,25,62,81,82,85,101,106
67. НЕЏАДИН ЏАФЕРИ 43
68. ХИСНИ ШАЌИРИ 42

СЕДНИЦАТА ПРОДОЛЖУВА!

## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Педесет и третата седница на Собранието на Република Македонија,одржана на 24 декември 1992 година

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,55 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Стојан Андов, претседател на Собранието

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дами и господа пратеници, ја отворам Педесет и третата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Александар Гештаковски, Никола Апостоловски, Димитар Димитровски, Флоре Масалковски и Наум Симјановски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата. Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува Записниците од 46-та и 50-та седница !на Собранието ви се

Записниците од 46-та и 50-та седница на Собранието ви се доставени.

Дали некој од пратениците има забелешки на записниците?

Има збор господин Киров.

**ТАШКО КИРОВ:**

Дами и господа, предлагам записниците од 46-та и 50-та седница да ги разгледаме од аспект на определбите од Деловникот на Собранието на Република Македонија во кој велиме дека е на сила и дека работиме според тој Деловник.

Имено, сметам дека овие записници не се подготвени согласно член 151, став 3 од Деловникот, односно не се внесени резултатите од гласањето по одделни точки во дневниот ред.

I/2.-СС/МЛ

Во споменатиот член во став 3 стои "во записник се внесуваат резултатите од гласањето по одделни прашања", а тоа не е стоено ниту за една точка и ниту за едно гласање.

Предлагам записниците да бидат доработени односно во истите да бидат внесени сите резултати од гласањето на пратениците.

Исто така предлагам и во иднина да бидеме попрецизни при определувањето на резултатите од гласањето, со што во записниците јасно ќе стои колку пратеници биле за, колку против, колку воздржани што сметам дека е битно за натамошно осознавање и проучување на од- носите во Парламентот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Кај гласањето постапуваме во согласност со уставната одредба каде, ако нема 40 гласа предлогот не ;е усвоен. Натаму не гласаме. Инаку, ако е усвоен одиме кои се против, кои се воздржани и го определуваме вкупниот број на присутни.

Инаку, Деловникот не е усогласен со оваа уставна одредба.

Тој е од поодамна. Одиме понатаму, ако има некој предлог што е поставен на гласање повеќе од 40 гласа, утврдуваме кој е за и кој е против и го утврдуваме вкупниот број на присутни пратеници. според тоа, постапката на гласањето се води исправно. Деловникот е правен пред донесувањето на оваа уставна одредба.

Дали уште некој бара збор? (Не).

Дали има други забелешки на записникот? (Нема).

Констатирам дека записниците од 46-та и 50-та седница се усвоени без забелешки.

За денешната седница се поканети претседателот на Република Македонија Киро Глигоров, претседателот и потпретседателите и членовите на Владата на Република Македонија.

Преминуваме на пратенички прашања.

Ве известувам дека Владата на Република Македонија достави дописи по пратеничкото прашање поставено од Зоран Крстевски во врска со приватното претпријатие "Зегин", пратеничкото прашаше поставено од Петар Гошев во врска со иселувањето од Република Македонија, пратеничките прашања на Зоран Крстевски и Петре Трајковски во врска со активностите на Владата за агроберзата и пратеничкото прашање поставено од Бранко Арсовски во врска со доделените средства од примарната емисија на општина Куманово со што бара пролонгирање на рокот на давањето одговор од причини наведени во дописите кои ви се дост вени.

Го молам пратеникот Зоран Крстевски да се изјасни дали ги прифаќа предлозите на Владата по двете пратенички прашања.

**ЗОРАН КРСТЕВСКИ:**

Предложив тоа да ми се даде писмено и од, првичниот одговор не сум задоволен, од одговорот на Владата, бидејќи во целост не е одговорено за статусот на средствата ангажирани од Буџетот на Републиката.

Во првиот дел од одговорот одговори, а во вториот дел од одговорот не одговори, се работи за второто прашање, упати на Министерството за стопанство, така што молам за наредната седница.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали да се продолжи рокот Владата да одговори на одговорот (Да) .

Сепак суштински да одговори на прашањето.

Го молам пратеникот Петар Гошев да се изјасни дали го прифаќа предлогот на Владата.

Пратеникот Петар Гошев не е тука.

I/4.-

Дали Собранието се согласува со овој предлог на Владата? (Се согласува).

Го молам пратеникот Петре Трајковски дали го прифаќа предлогот на Владата? (Не е тука ни тој).

Бидејќи пратеникот Петре Трајковски не е тука, дали Собранието се согласува со предлогот да се продолжи рокот? (Се согласува).

Го молам пратеникот Бранко Арсовски да се изјасни дали го прифаќа предлогот на Владата за продолжување на рокот?

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Ова прашање го поставив по втор пат. Меѓутоа сеуште од Владата нема одговор. Мислам дека треба да го добиј&м тој одговор и на наредната седница да бидам комплетно запознаен. Одговорот го немам и по втор пат како дополнуваше на моето прашање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Во ред.

Ве известувам дека на пратеничкото прашање поставено на 51-та седница од пратеникот Михаил Пановски, генералниот директор на Македонската радио-телевизија достави одговор на 5 ноември 1992 година и е поделен во текот на седницата.

Ве известувам дека Владата на Република- Македонија достави одговори на барањето на пратениците Богдан Неделковски, Благоја Чкатроски и Тодор Петров.

Исто така, Владата на Република Македонија достави одговори на пратеничките прашања на пратениците: Санде Давчев, Тодосие Паунов, Мухамет Халили, Тодор Петров, Стојмир Цветковски, Газменд Ајдарага, Димитар Трпеновски, Благој Ханџиски, Ефтим Манев, Тиме Андонов, Авди Муртезани, Владимир Митевски, Благој Тошев, Хисни Шакири, Горан

Зафировски, Ванчо Младенов, Ферид Садику, Митко Анастасовски, Иван Иванов, Стојан Ковачевски, Петре Трајковски, Михаил Пановски, Ванчо Златанов, Цветан Јовчевски, Горѓи Бојковски, Хамид Алиу, Наќе Стојановски, Ристо Стаменов, Ешреф Алиу, Неџадин Џафери и Трајан Мицевски.

Дали пратениците што ги поставија овие прашања, во врска - со истите имаат дополнителни прашања.

Има збор господин Пановски.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Почитувани пратеници, јас поставив прашање уште пред скоро два месеци. Владата на Република Македонија на октомври одговори, а се однесуваше, прашањето беше поставено до,министерот за внатрешни работи, господин Фрчковски кого;не го гледам тука.

Предлагам или да се повика господинот Фрчковски за да не се повторувам, во меѓувреме другите пратеници можат да се изјаснат по одговорите на нивните пратенички прашања, а доколку господинот Фрчковски не е во можност да се викне тука, тогаш ќе барам премиерот на Владата да одговори.

Прашањето се однесува на тоа, тоа беа две прашања !од кои второто прашање беше: "Зошто МВР врши регистрација на возила со ознаки на странски држави (ЈУ)". "ЈУ" е наша соседна држава, колку што знам, северна.

Владата одговори: "На второто прашање не можеме да одговориме бидејќи истото не е прецизно формулирано".

Јас мислам дека прашањето е прецизно формулирано и ќе го повторам уште еднаш: "Зошто МВРЗ врши регистрација на возила со ознаки на странски држави". Факт е дека низ Македонија нашите возила со ознаки

I/6.-

на Скопје, Битола итн., сите градови се регистрираат возилата повеќе од една година после осамостојувањето на Македонија со ознаки на друга држава.

Барам да се повика министерот за внатрешни работи да одговори на моето пратеничко прашање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Пратеникот може да биде не задоволен од добиениот одговор, може да бара расправа по тоа прашање ако усвои Собранието или да поднесе интерпелација. Меѓутоа, не постои можност при даден одговор да се бара повторно одговор. Вие можете да бидете не задоволен од одговорот, да поставите дополнително прашање, дополнително да го објасните прашањето и после може да одговорат или да барате расправа. Тоа е вашето право. Одговорот е даден. Дали вам ви одговара, дали одговорот задоволува., тоа ќе кажете.

Одиме понатаму

Дали некој друг од овие пратеници кои ги поставија прашањата, во врска со истите имаат дополнителни прашања.

Има збор господин Мицевски.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Прашањето гласеше - Зошто на земјоделските производители при.....

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, за прашањето што го поставивте и добивте одговор

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

не сум задоволен и барам повторно да биде...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не сте задоволни.

Дали имате дополнително прашање? Ако по ова прашање имате дополнително прашање во ред, ако не сте задоволни само од одговорот, тогаш не сте задоволни.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Имам прашање што сакам да го поставам за наредната седница.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Можете, но после кога ќе дојдат на ред поставување на пратенички прашања.

Има збор господинот Анастасовски.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Јас имав поставено неколку прашања...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Само момент, ве молам, пак е иста состојбата, не нови прашања, туку дополнителни прашања по тоа прашање.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Ќе барам дебата по ова прашаше, не сум задоволен за Дојранското Езеро затоа што прашањето на Дојранското Езеро веќе неколку години така се влече. Јас бев иницијатор кој го покрена прашањето.

Сега, колку сме ние во состојба да го решиме прашањето, јас реков дека е поврзано со нашиот живот, а не само од политичка гледна точка. Од животна, од еколошка гледна точка ќе барам дебата и ве молам во таа дебата да учествувате да видите како тоа изгледа. Знам дека сте запознаени со некои работи.

Неколку пати го потенцирав прашањето за патот Демир Хисар Смилево. И претходната Влада и оваа Влада не даде одговор. И за тоа ќе барам, доколку не ми се даде одговор, прво да го видам одговорот, да го прочитам, ќе барам дебата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг од пратениците што поставија прашања и доби ја одговори бараат збор?

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Од дадениот одговор на поставените прашања не сум задоволен и барам Владата да подготви посебна писмена информација со што ќе го извести Собранието какви мерки и активности презема во врска со разграничувањето помеѓу Република Македонија и Република Србија и за државната граница помеѓу Македонија - Албанија, Македонија – Бугарија и Македонија - Грција.

Во одговорот на Владата изгледа овие податоци ги има дадено МВР. Меѓутоа, во одговорот наведува дека за поставените прашања одговор е надлежно да даде Министерството за односи со странство и Министерството за одбрана. Со оглед на тоа што одговорите од двете министерства недостасуваат, сметам дека одговорот на поставените прашања не е разјаснет и би поставил едно дополнително прашање.

Бидејќи е наведено дека државната граница со Република Бугарија е повлечена со Договорот за мир потпишан во Неим на Сена на 27 ноември 1919, а државната граница со Грција е повлечена врз основа на Договорот за мир потпишан во Букурешт 1913 година, Спогодбата Пашиќ - Венизелу со 1913 година и Договорот за мир потпишан во Неим на Сена 1919 година, бидејќи овие договори се склучени од поранешна и попоранешна Југославија, ме интересира дали Владата ќе преземе мерки и активности со

овие соседни држави да склучи договор за разграничување на територијата, имајќи го предвид вака воспоставениот режим на границите во името на Република Македонија. Бидејќи овие договори се склучени со држави кои веќе не постојат.

Сакам да одговори дополнително на ова прашање. Доколку не добијам одговор да добиеме писмена информација во Собранието и да се отвори парламентарна расправа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Ванчо Младенов.

**ВАНЧО МЛАДЕНОВ:**

Почитувани пратеници, од одговорот на Владата на моето поставено прашање не сум задоволен и би сакал да поставам дополнително прашање или да се дообјасни од причини што самиот одговор е контрадикторен на некој начин, односно прејудицира некои работи.

Во првиот дел од одговорот, да потсетам прашањето беше околу изградбата на железничкиот правец Штип – Радовиш – Струмица - Петрич во првиот дел од одговорот каде ги спомнува елаборатите што јас ги наведов а се изготвени од порано, како да има изготвено елаборат и од нашата Влада и од тие леаборати се прејудицира дека најпрво треба да се изгради правецот од албанската граница, да не ги набројувам сите места што се овде наброени, до Скопје и продолжува преку Куманово, Бељановци, Крива Паланка и Република Бугарија.

Во вториот дел од одговорот зборува: "и понатаму продолжуваат интензивни проучувања". Значи, сеуште се проучува. Дали и кој од железничкиот правец треба да се гради сеуште се проучува. А, на почетокот прејудицира дека тој правец е веќе дефиниран и одреден.

I/10.-

Затоа (сакам уште еднаш надлежното министерство да го разгледа прашањето што го поставив и понудените аргументи што ги дадов, но доколку тие навистина имаат елаборати со кои што се покажува дека тој патен правец во дадениот момент е поекономичен и поисправен, би сакал тие елаборати односно тие аргументи да ги добијам и ми бидат доставени, бидејќи е тоа иницијатива и на Општина Струмица.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Владимир Митевски.

**ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, од одговорот на моето пратеничко прашање не сум задоволен од следниве причини:

Ова го зборувам во име на мојата изборна база, а прашањето, се однесуваше за воведување говорни емисии на МРТ на српски јазик. Не ми е јасно зошто во одговорот не стои правата причина, туку овие желби се ;упатуваат на идната приватизација на Аросторот за информирање. Особено сега кога знаеме дека поедини националности, што веќе имаат освоен термин на МРТ бараат проширување ,на тој термин, а за емисии на српски јазик воопшто не станува збор.

Би сакал, ако може, во Собранието да има јавна расправа околу овој проблем.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Тодосие Паунов.

**ТОДОСИЕ ПАУНОВ:**

Почитуван претседателе, дами и господа.

Поставив две прашања да ми се одговорат.

I/11.-

Едното е кога Република Македонија ќе даде гаранција на девизните штедни влогови и денарските штедни влогови на граѓаните? Одговорот што ми е даден, од него не сум сосема задоволен поради тоа што штедачите постојано бараат да бидат известени за состојбите каде се потрошени овие девизи во Република Македонија, зошто не им се исплатуваат девизните средства.

II/1/СЈ/ЛБ

**ТЕОДОСИЕ,ПАУНОВ**: (продолжение)

Зашто нема гаранција некоја од државата Република Македонија, имаме граѓани кои што немаат никакви средства за живот, а не можат од банката да земат средства, штедните влогови исто така не се гарантираат затоа што ако појдеме во банката денеска може да исплаќаат само 100.000 денари, друг ден може да исплатуваат 200.000 денари од штедната книшка.,Треба граѓанинот да купи по'300, 400, 500 илјади денари, не може да купи, така да не сум задоволен од одговорот имајќи во предвид што направија толку штрајкови штедачите, а немаме никаква информација пред ова Собрание.

Поради тоа барам да биде дадена информација по моето прашање, да се зголеми работата и да биде на расправа на седницата на Собранието. Знаејќи каква е состојбата со девизните средства, ако имаме гаранција сигурно на оние штедачи на кои не им се потребни средства не би ги подигнале средствата од банката, меѓутоа заради тоа што немаме гаранција. Изворите кои што се дадени во одговор на прашањето за покривање на девизните средства ен сум задоволен. Извори имаме повеќе. Да утврдиме каде се девизните средства, кој треба да ги врати. Речено ни е дека девизните средства потрошени во Република Македонија се 93%, а само 7% се отидени во Федерацијата. За овие 93% Република Македонија мора да ги врати на граѓаните каде се вложени од таму да ги врати.

Ние сеуште немаме преглед кои организации и кои ги користеле девизните средства и зошто, кои се причините да не се вратени, мислам дека треба да се вратат, а кога сум веќе тука можеби не е скромно од мене, но изградивме банки, изградивме трговски простори и сега треба тие простори да ги отуѓуваме, на некој на чин да ги продаваме, а ги продаваме значи просторите на штедачите од кои сме добиле средства, сме изградиле

II/2

од тие средства и продаваме туѓ имот. Мислам дека тоа е неправда и барам целосна информација за девизните средства, колку се тие девизни средства, не прашувам на кого се, туку колку се, кој организации ги потрошиле и начин за конечно враќање на тие средства. Значи, предлагам по ова прашање целосна информација да имаме и по неа да расправаме.

По второто прашаше односно првото за платниот промет, кога ќе проработи девизниот и динарскиот платен промет. Исто така не сум задоволен, мислам не се искористени сите можни решенија не ја убрзуваме работата во врска со платниот промет, па заради тоа ни се одливаат средствата во други држави а не во Македонија и се користат а можеби и се злоупотребуваат таквите средства и барам и по ова прашаше да имаме информација.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ова е ново прашање.

**ТЕОДОСИЕ ПАУНОВ:**

Не е ново.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дополнително прашање.

**ТЕОДОСИЕ ПАУНОВ:**

Да дополнително барам да прерасне прашањето во информација и да биде ставено на дневен ред на наредната седница на Собранието' на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Пратениците можат да дадат предлози за дневен ред без оглед дали има врска тоа со некое претходно поставено прашање. Се што сакате можете да ставате на дневен ред.

**СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, моето пратеничко прашање беше, во пооделни општини има приличен број на хендикепирани деца по разни основи на психопореметување на пореметување на психомоториката. Во поранешните закони негде до 1984 година постоеше закон со кој нивното вработуваше се регулираше така да тие во однос на другите имаат приоритет во соодветни работни места за кои претходно оделе во посебни школи. Прашањето беше на Владата точно да каже како и на кој начин може да го регулира овој проблем бидејќи сега таков приоритет не постои. Проблемот во секоја општина е посебен, зависно од бројот на ваквите лица. Во одговорот не ми е точно дадено до кога ќе се разреши овој проблем и овие лица ќе го имаат овој приоритет.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој од овие што поставиле прашање и им е одговорив сакаат да се јават за збор.

Нема.

Преминуваме на поставување пратенички прашања.

Господинот Богдан Неделковски бара збор.

Повелете ако имате порано поставено прашање на; кое не сте добиле одговор или не сте задоволни од одговорот.

**БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ:**

Беше прашањето за одговорот во претпријатието во Струга "Симет" околу финансиското работење и меѓу човечките односи создадени од самиот директор на ова претпријатие, од одговорот на прашањето не сум задоволен комплетно бидејќи јас и испратив на Владата материјал со кој што таа требаше да оди на лице место во самото претпријатие и да ги

провери и финансиското и самото работење на ова претпријатие. Таа тоа не го направила . Ова прашање некаде одговорено и пишувано незнам од каде бидејќи така беше поставено прашањето да се мора да се оди во претпријатието "Симет " во Струга во самото претпријатие и да се види.

На прашањето не е одговорено во еден дел каде што се зборува дека директорот на "Симет" за да ги подвои вработените во самата работна организација им вели ако дојде нов директор или било што да се случи тој ќе ги протера вработените од другите националности ако наводно дошол некој директор или со доаѓањето на ВМРО поради тоа тој создал штрајк во самата работна организација и создава фобија кај вработените од ВМРО. Мислам дека на ова прашање не е одговорено и ќе треба Владата повторно, да одговори и ќе треба со стручњаци да се упати во самата работна организација за да го провери тоа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Во што е дополнителното прашање.

**БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ:**

Дополнително прашање е во самата реставрација на целото прашање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вие не сте задоволни од одговорот на прашањето. Кажете, точно на кој дел и ве молам на тој дел барате одговор.

**БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ:**

Барам целосно прашањето да се одговори и нема одговорено на дел од прашањето каде што директорот создава страв од партијата на ВМРО-ДПМНЕ доколку дошол наводно некој директор, наводно тој  директор ќе го

донесела ВМРО-ДПМНЕ па сега вработените од другите националности ќе ги прогонува.

**СТОЈАН АНДОВ:**

ве молам, тоа е дополнително прашаше. Не е дополнително тоа се содржано во првото прашање, а на тој дел на прашањето не е , даден одговор.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Јас ве молам претседателе додека таат пратеничките прашања да бидат повикани министерот за внатрешни работи Љубомир Фрчковски, службите да го повикаат и господинот Денко Малевски да присуствуваат за време на пратеничките прашања и да можат да дадат одговори на истите. Затоа ве молам да им наложите на службите да ги повикаат именуваните министри.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, вие тоа го рековте од говорницата, се знае кој дава налози на министрите, не може претседателот на Собранието да дава налози на министрите туку ја известува владата за барањето. Меѓутоа, тоа не е друг пат речено тоа е сега речено. Се знае, до колку министрите9се тука сигурно претседателот ќе си ги повика, а ако се на некоја друга задача и не може Да дојдат тоа значи дека одговорот на прашањето ќе биде писмено даден. Тие работи да си ги средиме така.

Ве молам дали уште некој од веќе поставените прашања и добиени одговори има дополнително прашање или да изрази не задоволство од одговорот од овие што веќе поставиле прашања.

Не.

Преминување на поставување пратенички прашања.

Дали некој од пратениците сака да постави прашаше до Владата на Република Македонија, односно на министрите и другите функционери кои

раководат со органите на управата.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Прво пратеничко прашање, размислувајќи вака неколку дена дојдов до констатација дека ние немаме закон односно не е даде Предлог закон, тоа го давам како прашање само, нека Владата се размисли и Собранието. Кога ќе се донесе закон за одликувањата на " нашата држава, на граѓаните. Сите видови- одликувања и дали Владата тоа го има во предвид.

Второ пратеничко прашање е до министерот за урбанизам (му се обрнува на некои пратеници господинот Анастасовски) не се смеј, мене тоа најмногу ме нервира, јас не се смеам на никој кога зборува ниту вреѓам некого. Зашто не ми одговори на едно прашање министерот за урбанизам, од кои средства се финансираше, односно кој беше фондот, од кои средства беше тој фонд за финансирање на становите на бегалците кои што се вратија во нашата земја од источните земји. Дали тој фонд беше од нашата земја или се користеа средства од некои меѓународни организации или од други држави?

Трето прашање , актуелно прашање Је затоа што ние носиме закон, тука, ова Собрание согласно Уставот да ги нема во канцелариите во јавните установи ликови, незнам на кој, незнам на кој. Меѓутоа, ние цврсто стоиме во една абнормална, во една анахроничност, во еден друг став, во едно друго прашаше и тоа важно. Бараме признавање, викаме дека сме тие ние што го бараме признавањето и овој Парламент и овој наш народ, меѓутоа вратете еден лист назад и видете, јас уште еднаш сум го кажал тоа, но тоа сега ме боли најискрено ви велам, многу наши гратчиња, многу наши улици во Лисиче некни случајно поминав со еден пријател, мали уличиња со триста туги имиња.

II/7

**СТОЈАН АНДОВ:**

Поставете го прашањето.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Прашањето го поставувам пред ова Собрание еднаш за на век да се донесе Закон со кој ќе се менат сите имиња на градови, на установи, на училишта, на улици со имиња кои му прилегаат и кој ги бара овој наш народ, нормално и народностите кои живеат во оваа земја. Без туѓи имиња, тоа е последното прашање кое сакам да го поставам и ќе бидам благодарен ако надлежните министерства ми одговорат на прашањето.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, секој пратеник има право да даде предлог тоа е друга работа, во друга постапка оди. Прашањата овде се поставуваат до Владата и до министрите и други функционери кои што раководат со Републички органи .

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Моето прашање е упатено до Владата на Република Македонија. Дали Владата на Република Македонија, односно поедини нејзини министри донесуваа прописи кои ги објавуваат во посебен служен весник на Република Македонија таканаречени тајни прописи и дали постои таков службен весник и ако се носат вакви;прописи кој е нивниот уставен основ?

**ОЛОМАН СУЛИЈМАНИ:**

Во северниот дел на градот Кичево гравитираат околу 14 села со над 10 илјади жители. Покрај другите проблеми од сферата на инфраструктурата жителите на овие месни заедници се судруваат со тешкотии за телефонски приклучоци. За да бидам појасен пред вас односно пред ресорното министерство напоменува и тоа дека во село Зајас, се

лоцирани полициска станица, амбуланта, матична служба и пошта. Сите овие објекти се дотраени бидејќи некои од нив се изградени и пред ослободување. Истовремено се и голема опасност по здравјето на вработените. Во поштата постои една телефонска централа уште пред ослободување која покорисно ќе беше да се стави во еден од музеите отколку што се сеуште во употреба. Надлежните во општината преку делегации од овие месни заедници се запознати, меѓутоа за жал до ден денес не е преземено ништо. И, со вакво однесување ги опустошуваме селата и тогаш селаните ни мигрираат во градови.

Поради горе споднатото до ресорното министерство ги поставувам следните прашања:

Дали ресорното министерство има сознание за овие проблеми? Ако ги има, дали планира да преземе иницијатива за решавање на истите?

Второ, каква телефонска централа, треба за над 10 илјади, телефонски приклучоци и дали ресорното министерство е спремно да ја финансира оваа толку важна работа за населението на овие месни заедници? Одговорот на прашањето го барам писмено.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Барам кратко само да ми се одговори со да или не. Дали Република Македонија односно министерот Денко Малевски, актуелниот за надворешни работи, има поднесено барање за прием во Обединетите Нации или не? Само тоа. Бидејќи долго време слушам ќе поднесат па ќе го вратат, па не поднеле, па нема атмосфера итн.

Прашање до Министерството за внатрешни работи, ме интересира, дали Министерството за внатрешни работи врши протекционизам во изработката на новите регистерски таблички и дали се исфрла актуелниот

производувач на регистарски таблички ЕМУЦ "Никола Тесла" од Скопје како досегашен долгогодишен производувач и при тоа најевтин во Македонија, со разработена технологија, опрема, машински парк итн. И дали при тоа е извршена лицитација за тоа, оглас, нов конкурс и колку ќе чинат новите регистерски таблички за кој што јас ценам дека целиот грб пак ќе падне на товарот на народот.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Во услови кога министерот за надворешни работи е оправдано отсутен бидејќи се наоѓа токму на службен пат во Америка веќе престојува подолго. време токму околу активностите за прием во ОН еве јас во негово име и во име на Владата го одавам одговорот на првото прашање и тој е да.

**ЏЕЛАЛ ТАИРИ:**

До Министерството за правосудство и управа ќе поставам прашање, Окружниот стопански суд во Скопје неодамна изврши верификација за именување на директор на Комуналната работна организација; Водовод - Гостивар, спротивно на законските прописи, без согласност на Општинското собрание, ако Општинското собрание е основач на истата и без почитување на Статутот на самата работна организација. Барам писмен одговор.

**ЃОЦЕ АНДОНОВСКИ:**

Прашаше до Владата и Ресорното министерство со оглед на зголемениот род на јаболка, што оваа година се проценува дека е некаде околу 70 до 80 повеќе во однос на ланската година, од една страна, а од друга страна се попристапното, јужно овошје кое на пазарите е како увезено овошје, мандарини, банани итн. исто така е доста присутно, се поставува прашање: Дали Владата ќе преземе мерки за заштита на нашиот производ да го спречи неконтролираниот увоз на јужно овошје како што тоа го прават некои поразвиени земји. Тоа е едното прашаше.

Второто прашање е со оглед на тоа што овој пазар може да прими некаде 10 до 20% од вкупниот род на јаболка, што моментално е присутен во Македонија, се поставува прашање дали Владата ќе преземе некои мерки и активности да се отворат нови коридори за пласман и откуп на јаболкото, затоа што сите сме свесни колку чини досегашната реализација на еден ваков род.

**ДРАГИ АРСОВ:**

Барам одговор од Владата кога во Собранието на Република Македонија да се води расправа за целокупната надворешна политика и

дали Министерството за односи со странство има разработено стратегија да се спречи агресивната грчка пропаганда во Светот, кои се битните одредници на тој план, како и на кој начин ќе се одговори на ваквата пропаганда. И уште едно прашање, барам одговор од Министерството за внатрешни работи колку се поднесени и колку се одобрени барања за македонско државјанство, по стапувањето во сила на Законот за државјанство на Република Македонија, заклучно со овој месец, односно до крајот на оваа година. Ако е можно структурата на подносителите.

И уште едно прашање, до премиерот г-динот Бранко Црвенковски, кога законите од областа на стопанството најавени во негова та пристапна беседа ќе дојдат на дневен ред во Собранието и на тој начин помалку да расправаме за некои законски. детали, како што се казните понудени со бројни законски измени да тие се на дневен ред во голем број и денеркал без да знаеме за суштинските законски промени во стопанството.'Сметам дека ова е важно прашање затоа - што Владата нема понудено никаква развојна проекција за излез од стопанската криза, а излез од кризата мора да постои. Молам за одговор од премиерот.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Можам да кажам дека сум благодарен на ваквите прашања на г-динот Драги Арсов, кој ми дава можност да проговорам за една работа, за која што ние во главата чувствуваме сериозни тешкотии и проблеми.

Прво да одговорам во име на министерот за надворешни работи Денко Малевски кој што е отсутен, околу прашањето кога еднаш, барем така беше поставено ова Собрание ќе зборува за надворешната политика и

можам да кажам дека во ова Собрание во неколку наврати има разговарано за надворешната политика и тоа по разни поводи. Само да го потсетам г-динот Драги Арсов, не знам како му држи помнењето, дека последната расправа беше само пред неколку дена пред Самитот во Единбург, каде што имавме дводневна расправа за надворешната политика на Република Македонија, каде што ја анализиравме од почетокот на мандатот на ова Собрание, па се до денеска, имавме дискусии за различни сегменти од надворешната политика. Мислам дека не држи констатацијата дека ова Собрание не разговарало за надворешната политика на Република Македонија. Напротив, ако за нешто разговарало, најмногу за тоа разговарало и камо среќа да биде повеќе точно она што го бара во своето трето прашање г-динот Драги Арсов , а не она што го бара во своето прво прашање, а тоа е кога ќе добиеме можност на .овој Парламент повеќе да разговараме за законите од стопанската сфера.

Сакам да ве потсетам дека во овој момент во собраниска процедура се наоѓаат некаде околу 140 акти,, закони, законски проекти, кои поминале низ Владата на Република Македонија. Не сите од нив можеме да кажеме дека имаат системски карактер, точно е тоа дека еден дел од нив има задача само да внесат измени во казнените одредби на тие закони, меѓутоа исто така е точно дека да речеме Законот за трансформација на општествената сопственост веќе година дена се врти низ собраниска процедура, неодамна се усвои како Нацрт и ние сме спремни како Влада брзо да го понудиме и како предлог на закон. Исто така законите од даночната сфера се наоѓаат во собраниска процедура, да ве потсетам, тоа се исто така прашања што ја регулираат таа економска сфера, или економија во стопанството, како што вие велите и ние би биле многу

III/4.-

задоволни во име на Владата, ако таа процедура се забрза и тие закони дојдат час поскоро на дневен ред, еве на пример како што денеска го имаме во дневниот ред и Законот за концесии, што исто така е битен од таа сфера и да не ги набројувам и другите закони од сферата на економијата. Јас исто така се придружувам кон вашиот апел, ова Собрание во наредниот период повеќе да расправа за тие теми и мислам дека ќе биде подобро и за нас и за граѓаните, а ние во Владата сме спремни за тоа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали г-динот Арсов е задоволен од одговорот, или има дополнително прашање.

**ДРАГИ АРСОВ:**

Од првото прашање делумно сум задоволен, затоа што се состоеше и од втор дел. Тоа прашање, кое се; однесува на тоа што Министерството за односи со странство презема,. или дали има разработено стратегија да одговори на агресивната грчка пропаганда.

Ова го кажувам затоа што во целиот Европски печат, па и во светскиот печат, Република Грција води таква агресивна кампања, против признавањето на Македонија, додека нашето Министерство буквално спие на тој план и во тој Европски печат воопшто не е присутна и ништо не презема, ниту пак има разработено некоја стратегија да одговори на ваквата пропагандна војна што се води од страна на Грција. Затоа сметa, дека овде не само што треба да се разработи тој план, туку сериозно да се размисли со кои институции, со кои луѓе ќе се води таа пропагандна војна и ќе се одговори на таквата агресивна политика од страна на грчката Влада. Сигурно дека во однос на овие закони за кои што инсистирав г-динот Бранко

Црвенковски да ми одговори, делумно сум задоволен, но затоа сакам писмено да ми се одговори, затоа што овде станува збор за голем број на закони од сферата на стопанството, кои што треба да бидат на дневен ред, а ние сеуште не сме ги добиле.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Уште еднаш начелно петти или шести пат во ова Собрание треба да се договориме за комуникацијата на релација меѓу извршната власт и законодавната власт. Прашањето на стратегијата на конкретни потези на било кое министерство, па и на Министерството за надворешни работи е прашање на извршната власт. Стратегијата за тоа како да се оствари да влезат да речеме некои членци во европски списанија не се прави во законодавното тело, ниту за тоа се поднесуваат извештаи од типот за кој што зборуваше г-динот Драги Арсов. Ниедна држава тоа не го прави тоа така. Ние мораме уште еднаш да ги поставиме јасно рабо4ите кои се ингеренциите на извршната власт, кои се ингеренциите на законодавната власт. Во спротивно Собрани- ето за секоја работа може да поставува било пратенички прашања, било информации да се поставуваат итн., доаѓа до тотално мешање и блокирање на работата.

Инаку, јас се согласувам дека грчката страна има извонредно агресивна пропагандна активност, која се остварува секаде ширум Европа и во Светот, меѓутоа, на нивна жал, а за наша среќа не можат да кажам дека со таквата активност успееа да го остварат она што го имаат зацртано како цел. Тоа говори дека има соодветна активност и од наша страна. Впрочем, се почесто се јавуваат написи за вистината на Македонија во низа европски списанија, јавното мнение во тие држави се креира во тој правец на некој

начин и она што се случува и во политичките структури на тие држави е резултат на проемната на јавното мнение, со тоа што сосема е јасно дека огромни финансиски средства, огромна дипломатска мрежа е ставена во погон од страна на Грција и ние треба да бидеме свесни за тоа.

Што се однесува за вториот дел ќе бев благодарен ако ги наброеше законите г-динот Драги Арсов што мисли дека допрва да бидат предложени од Владата што не се во собраниска процедура, а што се однесуваат на економската сфера, да можам да ги мотирам ако можам.

**БЛАГОЈ ТОШЕВ:**

Моето прашање следно до Владата. Зошто се брза толку со продажбата на станови кога знаеме дека има маса барања од градовите до Уставниот суд, дали е уставен Законот за продажба на становите. Што ќе се случи ако Уставниот суд го укине овој закон. Одговорот го барам писмено.

**ФАИК АБДИ:**

Дами и господа пратеници, јас имам две-три прашања за кои што барам одговор. Првото прашање е ова дали постои воопшто меѓународен договор или меѓународен суд во Европа и светот во услови на постоење на должничко доверителни односи помеѓу две земји или повеќе, како што е случајот помеѓу наш&та држава Македонија и Грција, што е нашата нафта таму запрена и дали таа земја според, ако постои меѓународен договор, меѓународен суд, требаше да даде еден документ да каже дека ода може да помине, а понатаму не ќе може ништо да помине. Барам одговор на ова прашање.

Второто прашање е следното: бидејќи подолго време Министерството за стопанство, односно подрачните единици на Министерството за стопанство на граѓаните на Република Македонија им издаваат дозволи за обавување на стопанска дејност со личен труд на граѓаните. Во изминатите три до четири месеци низ цела Република Македонија одредени објекти каде се обавуваат вакви работи со личен труд, потпаѓаат под удар на Законот, односно се рушат од страна на Министерството за урбанизам, градежништво, сообраќај и екологија, под мотивација дека овие објекти немаат градежни дозволи, а имаат само дозволи од Министерството за стопанство. Ова прашање секако требаше да се реши меѓу двете министерства. Се обраќам до претставниците на Владата, односно се обратив до претседателот на Владата и до министерот за стопанство и министерот за градежништво, се договорив,ме во начело да не се рушат објектите, бидејќи граѓаните не се виновни, тие чесно и поштено работат и плаќаат даноци и придонеси и од доход од личен доход здравствено пензиско осигурување итн., а некој други работат и не плаќаат ништо. Во моментот запрена е акцијата, меѓутоа усмено. Подрачните единици јавуваат во цела Македонија дека немаат никаков писмен документ. Моето барање е, Министерството, односно нашата Влада да го озваничи тоа работење на луѓето кои што имаат дозволи за работа, а понатаму што ќе се јават нови, нека постои договор помеѓу Министерството за стопанство и Министерството за урбанизам нека има и градежа дозвола и урбанистичка согласност итн., па нека почнат нека работат. Ова е една работа.

Имам уште едно прашање, јас на двапати го посетив нашиот премин кон Албанија - Кафасан. Страшно неуредна работа. Разбрав дека од другата страна имало и кафеана и фри-шопови итн., а од наша страна нема ништо. Дали нешто е променето. Иако не е, треба да се преземат одредени

мерки. Некни без за Белград ја поминав нашата граница, од Куманово понатаму. На враќање видов голем неред. Нашите цариници, погранични органи, милиционери работат во исклучиво тешки услови. Прашање, што е со тоа и кога ќе се направи нешто.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Кон крајот на минатата година Реплек на Македонија добила од дирекцијата за материјални резерви на Република Македонија 500 милиони денари за набавка на лекови. Се зборува дека лековите не се испорачани веднаш на здравствените организации, по цените од денот на уплатата од страна на дирекцијата за материјални резерви, туку подоцна со повисоки цени. Што е со паричните средства од разликата на цената. Во истата година Реплек добил и поголема сума на девизи за набавка на лекарства странство. Се зборува дека некои од договорите!со странските партнери наместо рабат предвидувале додатни количини лекови што не се појасни во натамошниот процес на прикажување на фактичната .состојба. Прашање е дали во Владата постои такво сознание. Прашање, дали г-динот Денко Малевски министер за односи со странство е во оставка, или не. Доколку е точно дека е тој во. оставка, како што самиот изјави од оваа говорница, тогаш мислење од Владата дали за Република Македонија е добро, во процесот на меѓународното признавање да ја претставува министер кој е во оставка.

Прашање, на 10 декември оваа година од граѓаните и жители од околните села во Ресен е уредно пријавен протесен собир против промена на името на Република Македонија. Меѓутоа, од припадниците на МВР собирот е невозможен. Прашање до Владата информација за причините поради што на граѓаните од Ресен и на жителите од околните села им се

оневозможени граѓанските и политичките слободи предвидени со Уставот на Република Македонија. Прашање до Владата дали Министерството за внатрешни работи поседува докази дека некоја македонска политичка партија побарала странска воена интервенција.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ**: (Продолжение)

На прашањата инсистирам, доколку е можно, да ми биде одговорено усно.

Да му реплицирам на премиерот на Македонската влада дека прашањата во врска со работата на Владата не значат мешање во извршната власт.

На прашањата и одговорите на Владата во слободниот демократски свет паѓаат влади, но очигледно со овој институт пратенички прашања на Собранието на Република Македонија нешто не е во ред кога Владата опстојува и понатаму во својот мандат а не знае да даде одговор на многу важни прашања.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Збор бара господинот Димов.

**ТОДОР ДИМОВ:**

Прашањето е упатено до Владата и гласи: "Согласно кој законски пропис Министерството за образование и физичка култура го 4 " има преотстапено правото на управување и користење градскиот стадион во Неготино на двајца сопственици на приватни угостителски објекти. Под кои услови и во кој временски период е преотстапен градскиот стадион? Дали министерствата имаат право да преотстапуваат објекти изградени со местен самопридонес на граѓаните без да бараат мислење од локалната самоуправа.

Барам писмен одговор од Владата..

**СТОЈАН АНДОВ:**

Збор бара господинот Превала.

IV/2

**ШАБАН ПРЕВАЛА:**

Најпрвин морам да изразам не задоволство што до сега не ми е одговорено на три прашања поставени во изминатите месеци.

На прашањето за околностите под кои е убиено едно момче во село Радолишта.

На прашањето за судбината на проектот "Вардарска долина" и На прашањето за околностите под кои се интервенираше во село Радолишта пред неколку месеци.

Сега прашање за денеска. Со оглед на фактот што во јавноста се манипулира на големо со наводно различната оптовареност на граѓаните со даноци, со оглед на општините, како и за тоа дека некои граѓани наводно не одговарале на даночните обврски, па поставува прашање дали има вистина во тоа или со дел да се демистифицира проблемот барам за тоа да се изготви посебна информација од надлежното министерство и да се достави до нас со цел навистина изворно да се информираме за овој проблем.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Збор бара господинот Петров.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Сакам да ми се одговори на неколку прашања. ,

Дадов писмено укажување во врска со примената на Законот за државјанство, меѓутоа, Министерството за внатрешни работи сеуште не дало никаков одговор, а во праксата на работењето на примената на одредбите од овој закон се уште подрачните единици работат против законски.

Ме интересира до кога Министерството за внатрешни работи ќе издава се уште уверенија за државјанство во кое ќе се заведува дека граѓаните се државјани на СФРЈ и дали постои одговорност кај министерот

за ваквата непримена на одредбите од Законот за државјанство.

Тоа е првото прашаше.

Второ прашање, исто така и досега поставува барање да се даде одговор во вид на информација, меѓутоа, Владата сеуште ми нема дадено одговор. На граничните премини на Република Македонија наместо Република Македонија да ја пишува на македонски јазик и кирилично писмо и на еден од странските јазици, француски или англиски јазик, на граничните премини сеуште постојат табли на кои Република Македонија е напишана на македонски јазик со кирилично писмо и на македонски јазик со латинично писмо. Ако,во Уставот латиничното писмо не е утврдено како писмо во Република Македонија, зошто Министерството за внатрешни работи против законски ,и против уставно ги поставува таблите на граничните премини.

Трето, во Гевгелија од поголем 'број на граѓани упатена е жалба и критика на работењето на подрачјата единица на! Министерството за внатрешни работи( за огромен број на кражби кои вработените од оваа подрачна единица или не ги решаваат или ги одолговлечуваат до бесконечност.

Има индиции и укажувања од граѓаните дека се претпоставува за поврзаност на припадниците на МВР со разни локални мафии и банди и за организиран грабеж и обивање на становите.

Колку случаи, од кога и кои се до сега решени и дали Министерството ќе преземе мерки на одговорност на раководните работници во оваа подрачна единица.

Четврто прашање, кои луѓе се прислушуваат сега, а кои од 8 јануари 1991 година до денеска од познатата Пета управа на Министерството за внатрешни работи.

IV/4

Каков е статусот на Грчкиот конзулат на територијата на Република Македонија?

Барам да ми се одговори усно на овие прашања.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Пратеникот може да бара да му се одговори усно, меѓутоа, ние ќе му одговориме писмено. Не може да го формира начинот на кој може да му се одговори и треба да му се одговори.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тој има право да бара.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Бара, меѓутоа не може да инсистира од нас да му одговориме така ни да очекува така. Имено, се работи повторно велам за писмен одговор на овие прашања, меѓутоа, она што јас сигурно го знам сега ќе одговорам во овој краток осврт

Таблите на граничните премини се прават по стандарди кои не обврзуваат и нас и проблем на неинформираноста е....

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ако одговарате писмено сега нема потреба.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Во секој случај ќе одговориме детално писмено, а ова е блиц одговор на тоа.

Изводите за државјанство за новите државјани не се дефинираат како државјани на СФРЈ незнам од каде таква информација, повторно ќе добиеме фотокопија во одговорот на новите изводи од државјанство така што можете да ги видите односно пратеникот може да види како изгледаат.

IV/5

Трето, за прашањето од Гевгелија индиции не се доволни, туку писмено целосно ќе биде одговорено откриените случаи и начинот на функционирањето на полицијата во Гевгелија.

Прашањето кои луѓе се под третман, сметам дека ќе биде писмено одговорено дали е можно на начин на јавно повикување на тој список, а доколку е можно истиот тој список ќе му биде доставен на истиот начин.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Збор бара господинот Личовски.

**ВЕЦКО ЛИЧОВСКИ:**

На 51-та седница имам поставено писмено прашање до Владата, таа беше на 4 и 5 ноември, од тој ден до денеска немам;одговор. Прашањето беше поставено за купопродажба на становите, бидејќи рокот се приближува па ја молам1 Влада|га зошто не ми .одговара !да тоа прашаше.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Збор бара господинот Златанов.

**ВАНЧО ЗЛАТАНОВ:**

Моето прашање^би било следното: Ако во некои населени места не постои или делумно постои јавно осветлување, а такви ги има доста, дали граѓаните во таквите населени места се должни да плаќаат надомест за јавно осветлување? Ако не се должни да плаќаат а досега плаќале кој е надлежен овој проблем да го разреши? Барам писмен одговор.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Збор бара господинот Јовчевски.

IV/6

**ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ:**

Првото прашање ми е кога граѓаните кои ги исполнуваат условите по членот 36 од Уставот на Република Македонија, ќе ги остварат своите материјални и социјални права, бидејќи има голем број на граѓани кои ги исполнуваат овие услови, но не можат да ги остварат од причини што Владата нема доставено или нема во процедура ниту закон, ниту одлука или било кој друг акт.

Второ прашање ми е кој орган треба да го врати името на градот ,Титов Велес во старото име Велес кој го носел со векови.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Збор бара господинот Ристо Ќелешов.

**РИСТО ЌЕЛЕШОВ:**

Со оглед на крајно тешките, состојби во здравството кои им се добро познати; и на корисниците и на давателите на услугите, поставувам прашаше кој активности ги има 'преземено Владата и ресорното министерство за надминување на економската катастрофа во здравството и какви се ефектите и евентуалните перспективи од преземените мерки. Молам одговор во писмена форма.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Збор бара господинот Садику.

**ФЕРИД САДИКУ:**

Во основното училиште "Маршал Тито" село Жировница - Гостиварско до 1987 година постоеја паралелки на албански наставен јазик од прво до осмо одделение кои беа укинати во гореспоменатата година.

Поседуваме потписи од над 100-тина родители кои бараат наставата на учениците албанци да се изведува на нивен мајчин јазик. За овој проблем е запознаено ресорното министерство пред почетокот на учебната година.

Прашањето би гласело. Што презело Министерството за образование околу решавањето на овој проблем? Напоменувам дека истиот директор кој самоволно ги укина спомнатите паралелки .сеуште е раководител на основното училиште во гореспоменатото село. Барам писмен одговор.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Збор бара господинот Харуни.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Поставувам прашање со следно образложение. Деновиве на граничниот премин кон СР Југославија на 86 патници граѓани од СР Југославија од царинските органи на Република Македонија им се одземени 332 илјади швајцарски франци и, 112 илјади ДМ. Сето тоа, наводно, поради тоа што при влез и излез од нашата република не биле пријавувани на надлежните царински служби. Бидејќи имам сознание дека се работи за граѓани Од Косово што биле на привремена работа во странство го поставувам следното прашање;

"Дали царинските органи постапиле правилно кон нив; односно дали морале да ги пријавуваат девизните средства со оглед на тоа што тие биле заработени во странство и не станува збор за перење на парите.

Истовремено поставувам дополнително прашање по информацијата од 26 март 19 92 година на колку граѓани и во кој износ им се вратени одземените девизни и парични средства на граѓаните според посебната информација на Владата од 26 март 1992 година. Двете прашања ги барам писмено.

IV/8

**СТОЈАН АНДОВ:**

Збор бара господинот Муртезани.

**АВДИ МУРТЕ ЗАНИ:**

До Владата на Република Македонија ги поставувам следните прашања:

Според одредбите на Законот за општата управна постапка второстепениот орган, т.е. Комисиите при Владата на Република Македонија се должни да донесуваат одлуки по поднесените жалби во рок од 60 дена.

Имам сознание дека овој рок не се почитува. Барам одговор за колку предмети кои биле заведени во текот на 1992 година, оваа законска одредба не се почитува. .

Второ, во текот на 199 2 година, на два пати од, страна на МВР, беше објавен оглас за прием на одреден број приправници полицајци и приправници со завршено високо образование. Барам одговор колку лица се примени од оваа група на работа, кога !и каква е националната структура на истите. Овој оглас беше објавен по подрачните министерства низ градовите на Република Македонија.,

Трето барам да ми се одговори колку барања се поднесени. до подрачните единици при Министерството за внатрешни работи во Републиката за добивање дозвола за носење на огнострелно оружје пиштол или ловечки пушки. Колку од барањата се позитивно решени и каква е националната структура на барателите односно на лицата на кои позитивно е решено нивното барање.

Овие барања се однесуваат за период од последните пет години.

Четврто барање, законот за купување на општествените станови е донесен. Владата на Република Македонија, донесе и правилник односно

одлука за процедурата како ќе се изврши продажбата

Повеќе предмети се во фаза кога веќе е извршена проценката и предметите се вратени во подрачните министерства т.е. подрачните единици во сегашните општини. Како ќе тече постапката понатаму и дали овластените органи се подготвени за склучување и заверка на договорите за да не застане постапката.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Збор бара господинот Голубовски.

Јас ве молам да ги кажете сите прашања кога ќе земете збор, неколку пратеници ми се во списокот кои бараат збор по втор ■пат.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Многу беа на број па ќе се изгубеше интересот. Министерството за стопанство - Македонската .Влада.

Зошто бродот на Силекс не се дозволува да се постави на Охридското пристаниште ако за тоа постои барање и соодветни дозволи?

Второ прашање. Во капацитети на АРМ; прашањето е за Министерството за одбрана на македонската влада, во време на недостиг на нафта и нафтени деривати отстапени се капацитети за ускладиштување на приватни лица. Прашањето се состои во тоа дали Министерството за одбрана има сознание дека капацитетите се користени практично за одвивање на приватен бизнис со гориво во Охрид.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Збор бара госпоѓа Марковска.

V/1 дв/вц

**ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

На 14 декември годинава при барање на потврда за државјанство на Република Македонија имав можност да потполнам формулар од министерството за внатрешни работи на подрачјето на општина Куманово на кое што стоеше: "Барам да им се издаде потврда за Југословенско државјанство". Ме интересира дали овој формулат е унифициран на подрачјето на Република Македонија или е само на подрачната единица Куманово и ако е така кога се планира да се изврши измена.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Прашањето е до Министерството за урбанизам, градежништво, сообраќај и врски

Во с.Митрашинци како седиште на една од четирите општини кои што се сега интегрирани во општина Берово, а постоеја во 1953 година, постоеше телефонска врска со светот од 1920 година. 70 години подоцна таа, телефонска врска две години не работи. На сите интервенции на месната заедница на Собранието на општина Берово и мое, до месната пошта, до регионалната пошта во Кочани и до поштите на Македонија и лично до директорот две години врската не се воспоставува. Прашањето а кои се ингеренциите на Министерството за урбанизам, градежништво, сообраќај и врски и кои, санкции може да се преземат кога постои ваков неодговорен и н^цивилизиран однос.

Барам писмен одговор.

**ДРАГИ АРСОВ:**

Бидејќи бев повикан од господинот Бранко Црвенковски, премиерот на Владата по одговорот на моите прашања да му посочам кои закони од сферата на стопанството не се донесени, а овде од него добивме исцрпен одговор дека се е донесено, дури ги наведе и формалните закони што овде ги добиваме со законите. Сигурно дека една ваква хиперпродукција на

V/2

никого не му користи најмалку на стопанството на нашата Република и тие не се во функција за излез во кризата.

Меѓутоа верувам дека господинот Бранко Црвенковски не е со кратко памтење па затоа ќе го потсетам дека јас упатив едно барање на 10.11.1992 година до Владата и тоа барање се однесуваше на Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал. Притоа укажав дека треба да се интензивира постапката за донесувањето и на другите закони од кои зависи успешното спроведување на приватизацијата на општествениот капитал. Во тоа барање притоа реков дека Владата треба да ни достави закон за денационализација. Тој закон јас незнам дали некој од пратениците тука го добил или ако Владата, го доставила сигурно претседателот го чува во некоја фиока. Ние таков закон немаме добиено. Закон за денационализација.

Онаа приватизација што нас ни се нуди со трансформација без овој закон јас мислам дека таа однапред е осудена на било каков успех само од оваа сфера јас сакам да ги спомнам тие закони што јас ги спомнав и што се функција на трансформацијата и тоа Законот за пазарот на пари и пазарот на капитал, Законот за платниот промет и финансиската контрола, законот за сопственички и други стварно - правни односи, понатаму за хипотеката. Овде да не го спомнувам за стопанската комора зошто толку се чека иако ние знаеме дека тој закон е наследен уште од поранешниот состав, уште кога;не ги променивме идеолошките одредници на Републиката и дека тој закон бара една сосема нова трансформација на оваа институција во која треба да се вклучи и приватниот капитал односно носителите на приватниот капитал. Сигурно дека овој пакет на закони треба да биде во функција и тоа сметам дека се неопходни за поуспешна трансформација на општествениот капитал. Мислам дека тоа барем што Собранието ја задолжи Владата таа треба да истрае и да остане на таквите задолженија

од страна на Собранието.

Исто така не се согласувам дека во однос на стратегијата за пропагандата што треба да ја води Македонија во странскиот печат и да одговори на експанзијата од страна на грчката пропаганда против не зависноста на Македонија дека тоа е прашање во надлежност на Владата и дека, доколку знам тоа има и одредени средства за таква пропагандна цел.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ги молам пратениците да не одговараат на прашања овде. Они поставуваат прашањата Владата и до функционери кои раководат со републички органи. Се што имате да им кажете на нив можете тоа да го сторите во дебати кога се водат по соодветни точка или ќе им испратите писмо.

**ЉУПЧО ЈАКИМОВКИ:**

Почитувани пратеници, претставници на Владата,

Ова е мое трето укажување на едно прашање што го имам поставено на 30 август годинава писмено и во тоа прашање инсистирав да се почитува рокот што е пропишан во член 3 9 од Деловникот, одговорот да го добијам за 15 дена. На тоа писмо немаше. никаков одговор, што би бил ред, бидејќи членот 41 од Деловникот на Собранието го допушта тоа право, Владата доколку не може да одговори во одредениот рок да побара пролоргирање. Меѓутоа Владата не одговори ништо.

На крајот на 49-тата или 48-та седница беше незнам точно го обновив прашањето и пак го утврдив тоа барање за почитуваше на рокот од 15 дена. До денеска нема никаков одговор во врска со тоа прашање. Инаку, ќе потсетам прашањето беше упатено до Министерството за внатрешни работи и се однесуваше на случајот со украдениот оригинален нотен материјал од македонскиот композитор Глигор Смокварски. Јас не го

гледам министерот за внатрешни работи во салава но доколку како претставник на Владата може да ми одговори зошто не се одговара на ова прашање, да ми одговорите.

Имам уште едно прашање до МВР, а тоа е кои држави ја признаваат македонската патна исправа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За прашањето што се постави за Глигор Смокварски, неговото творештво, навистина тоа прашање се повторува повеќе пати и ве молам еднаш да добиеме одговор.

**ХИСНИ ШАЌИРИ:**

По барањето на месната заедница с.Гошинце и неколку други села од овој крај на општина Куманово јас и господин Аслан Селмани бевме задолжени да доставиме бараше до Министерството за здравство за наименување на една медицинска сестра која би работела редовно и 1 лекар кој би работел 2 дена во неделата.: Барањето; е доставено на 28.07-1992 година. Барам одговор од ресорното министерство по ова прашање дали го разгледал прашањето и ако го разгледало што одлучило по истото.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Дали царинските служби. правилно постапиле со тие граѓани, тоа е прашањето што го поставив првото прашање барам да ми се одговори усмено.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Дали царинските служби правилно постапиле, тие мислат Дека постапиле правилно, меѓутоа дотичните граѓани се заштитени со закони па можат, во девизниот инспекторат ќе се води постапка и ќе се утврди дали се во согласност со законот или не. Ако не девизите ќе им се вратат.

**СТОЈАН КОВАЧЕВСКИ:**

Несомнено е тоа дека воените пензионери и нивните семејства имаат право на здравствена заштита. Меѓутоа се поставува прашањето кој ќе ги плати услугите што се прават секојдневно. Досега ние немаме одговор на тоа прашање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој ќе одговори на ова прашање.?
(Ќе одговориме дополнително)

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Би поставил едно прашање до Министерството за земјоделие. Можеби јас не сум доволно информирам и граѓаните во мојата изборна единица. Меѓутоа при мојата посета на мојата изборна единица 46 многу граѓани го поставуваат прашањето во однос на благовремено поставување на загарантирани цени на витални производи од земјоделието, посебно кога се работи за производите на пченица, пченка и шеќерна репка и друг вид на месо.

Поставувам прашање, дали Владата има размислено какви загарантирани цени ќе имаат овие *производи во текот на 1993 година.

Второ прашаше е дали Владата во овој момент има план и програма за квалитетен откуп на јагнешкото месо во рамките на Република Македонија. И ова прашање беше поставено од моите бирачи во смисла на тоа дека барем засега постои еден хаос во откупот на јагнешкото месо, да не кажам, краиштата на Куманово.

**НЕЏАДИН ЏАФЕРИ:**

Бидејќи поставуваме еве три часа само пратенички прашања имам еден конкретен предлог за поефикасно работење на Собранието. За сите прашања за кои се бара писмени одговори и пратеничкото прашање да биде поднесено писмено.

Второ, сакам да поставам прашање во врска со зелените картони со кои осигурениците се служат во здравството. Дали има законска основа зелениот картон да има печат од организацијата каде е осигурен работникот. Барам усмен одговор ако е тука министерот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали може да се одговори усмено на прашањето. Министерот не е тука. Тогаш да ни се одговори писмено.

**ФАИК АБДИ:**

Вчера се случи една несреќа во нашата Шуто Оризари изгоре до темел бараката. 53 граѓани останаа надвор. Ние направиме напор некаде да ги сместиме времено, ќе се обратиме до сите служби и инстанци.

Прашањето е до министерот за труд и социјална политика, дали во овој момент може со еднократна помош да им се помогне на / луѓето. Доколку нема такви средства тука е министерството за финансии.

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:**

До Министерството за финансии.

Со оглед на тоа што бројни области поготово во општествените дејности се финансирани со стапки на придонеси, прашувам како Министерството за финансии ќе го реши прашањето со учеството на граѓаните кои работат во странство и воопшто не издвојуваат за стварање на материјалната основано сферата на социјалната политика.

Второ прашање, би сакал да ја прашам Владата дали има согледуваше и каков има проект на пределите од Дримкол и Долни Дримкол кои се без ПТТ врски, струја, пат и вода во функција на одредбата и позициите на буџетот, ревитализација на селото, затоа што и во политичките програми сите во своите програми многу го поставуваа меѓутоа активности и мерки во тој поглед нема.

V/7

Третото прашање е до Министерството за образование.

Од страна на Министерството за образование преземени се мерки за инкорпирање на дивото училиште во с.Радолиште, во училишниот центар Нико Нестар - Струга. Притоа колку сум информиран вршени се пет шест пати приемни испити.

Поставувам прашање дали и натаму при приемот на граѓаните во школите ќе се прават 5,6 или 7 приемни испити или е доволен 1 или 2

VI/1 јм/см

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА**: (Продолжение) .

Барам писмен одговор на овие две прашања, а имено првото гласи: во колку министерства се донесени систематизации за распределба на работните места, а исто така и во колку министерства се донесени правилници за распределба на платите.

Второто прашање ми е упатено до Министерството за стопанство. Врз основа на известување од страна на Министерството за стопанство од 18.06.1992 година одреден број индивидуални сточари се известени дека им се одобрени средства за купување овци според расположливите ісредства и е наведен;нивниот број. Бидејќи до денеска се изминати 6 месеци не им се одобрени средствата, а се склучени договорите и е обезбедена целокупната документација прашувам, што е причината за недоделувањето на средствата, дали е тоа заради. пренамена на овие средства, или и;ма некоја друга причина?

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ќе се даде писмен одговор.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Пред да побарам објаснување од министерот Фрчковски бидејќи е тука,мислам на веќе добиен писмен одговор. Само сакам да укажам господинот Нeџати Џафери кажа нешто тука дека во парламентарниот и демократски свет со повеќегодишна и децениска демократија опозицијата поставува пратенички прашања, а господата пратеници од партиите што се на власт проблемите си ги решаваат на партиски состаноци и нема што да ја замараат македонската јавност со пратенички прашања.

Би сакал да ми даде објаснување министерот Фрчковски на моето пратеничко прашање поставено уште пред неколку месеци, а одговорот е добиен на 21.10.1992 година, значи повеќе од два месеци. Тоа беа две прашања. Второто прашање беше зошто Министерството за внатрешни работи врши регистрација на возила со ознаки на странски држави и во заграда стои ЈУ, бидејќи ја сметам за странска држава Југославија. Одговорено ми е по точка 2 цитирам: "на второто прашање не можеме да одговориме бидејќи истото не е прецизно формирано, односно не знаеме на кои странски ознаки на возилата се однесува прашањето". Јас сметам дека прашањето е многу конкретно и многу прецизно поставено. И овој одговор за мене е тотално неприфатлив. Сведоци сме дека во праксата сеуште се врши регистрација на возилата со странски ознаки Југославија, сеуште тие возила нашата гранична служба, и полициска служба на граница ги пропушта тие возила да одат во странство и; да создаваат забуна во странство дека с;е возила од непостоечка држава,, односно не се од Македонија. Сакам да ми одговори господинот Фрчковски, ако може бидејќи јас од неговиот писмен одговор не сум задоволен.

И ако може господинот, Црвенковски пред малку кога го поставив прашањето за прием, дали е поднесено барањето од министерот Денко Малевски за прием - на Македонија во ОН. Бидејќи одговорот беше да, доколку е во можност господинот Црвенковски да го каже точниот датум кога е поднесено барањето за прием на Македонија , во Обединетите нации.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

На пратеничкото прашање ќе дадеме писмен одговор.

**БОРИС ЗМЕЈКОВСКИ:**

Имам прашање до Владата, односно до ресорните министерства Министерството за внатрешни работи и Министерството за одбрана. На сите ни е познато дека после изгласувањето на референдумот за самостојност на Македонија и после повлекувањето на ЈУ армијата од Македонија како прва етапа и прва фаза околу безбедноста на границите и на сите премини со соседните држави наместо армијата беше поставена нормално некаква контрола од страна на Министерството за внатрешни работи. Нормално после формирањето на Македонската армија на некои места се поставија нашите граничари, македонските граничари. Мене не ми е познато по која причина пред 2 дена на просторот, односно на граничниот појас помеѓу Македонија и некаква Југославија, да бидам поконкретен Србија на просторот после (Куманово па се до тромегето Македонија, Бугарија и Србија на тој појас се повлечени од страна на Министерството за внатрешни работи на сите премини каде што можат да поминат и тешки моторни возила од составот на полицијата која што беше во придружба на некој начин да кажеме со резервисти од резервниот состав. Во истиот тој период се повлечени исто и граничарите од Македонската армија. Сега кога сите ние сме сведоци на еден чин кој што по покана, односно по барање од претседателот на Република Македонија господинот Киро Глигоров со поткрепа и потврда на македонската Влада ги повикуваме Умпрофор како граничари на тој појас, а веќе оставаме територија без никаква контрола некаде над 70 км помеѓу Србија и Македонија. Би сакал да ми се одговори на тоа прашање ако може усмено, ако не во писмена форма.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ќе добиете писмен одговор.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

И јас исто така да поставам едно прашање и да добијам одговор се разбира писмен од Министерството за урбанизам. Се работи за следното. Познато е дека ние ќе живееме долги години под една блокада на Грција по однос на нафтата и друго. Оттука сметам дека како Република треба да преземеме одредени мерки за обезбедување на железничкиот транспорт со соседните земји со кој што го немаме. Оттука барам да ми се одговори писмено, какви се можностите во 1993 година да отпочне изградбата, односно довршувањето на железничката линија и поврзувањето на Република Македонија со Република Бугарија како приоритетно прашање, а исто така и поврзувањето на Република Македонија со Република Албанија.

Покрај оваа можност сметам Дека би требало да се> дадат и одредени финансиски показатели за можноста од негова реализација ако се отпочне во 1993 година, односно што на овој план има размислување Министерството за урбанизам. Исто така, сметам дека би било корисно ако веќе »ма размислувања во Министерството за сообраќај за ова прашаше да се покрене една иницијатива за можноста преку општо учество на граѓаните на Република Македонија да се обезбедат средства и учество во изградбата на овие железопатни линии

**АНТОНИ ПЕШЕВ:**

Бидејќи се работи за проблематика  која тековно ја работиме подолг период, мислам од доаѓањето, јасна беше тенденцијата во кој правец треба

да се развива развојот на новите патни коридори. Можам да го кажам следното. Во меѓувреме како перманентна активност на делот за сообраќај во моето министерство се работи во заедништво со организацијата за железнички транспорт на анализа на можните патни правци од аспект на тоа што веќе гледаме тука дека имаме два потенцијални патни правци спрема Бугарија и еден патен правец спрема Албанија. На последните' разговори со претставниците на Владата на Република Албанија и министерот Батинска беше договорено и начелна согласност имаме постигнато за развој на патниот коридор и тоа во обратен правец од Албанија веднаш во Република Македонија за да овозможиме со железница стоката да дојде до нашата територија Каде што би бил изграден еден терминал, особено за контејнерски превоз со што веднаш би се решил проблемот за контејнерскиот превоз. Во меѓувреме побаравме од познати институции во светот анализа за тоа колку чини во овие моменти цената по метар должински на железничка пруга и тоа баравме да не биде електрифицирана, туку тоа да биде современа пруга за транспортен . сообраќај пред се од причини .што ценевме дека многу луксуз не треба да се внесе во таа работа. Нас ни треба првенствено да го решиме проблемот од аспект на превоз. Така што цената во овој момент се движи од 1,5 милион германски марки до 2,5 милиони германски марки за еден километар во зависност од типот на теренот низ кој се провлекува железничката пруга. Меѓутоа, тоа е цена во нормални економски услови. Во овој период сме во преговори со градежните организации тие да извршат некаква нова пресметка на работите и во ново настанатите услови во кои се наоѓа Македонија тие да ја искажат нивната градежна цена за метар должински железничка пруга. Така што перманентно работиме на тој случај

и ми се чини дека во 1993 година со оглед на тоа што имаме некои наговестувања за некаква финансиска помош веднаш ќе започнеме со реализација на еден од овие правци.

**ЗОРАН КИТЕВ:**

Почитувани пратеници, моето прашање е во врска со уривањето на надгробните споменици во црквата Свети, Спас во Титов Велес.

Во разговорот со оштетените граѓани известен сум дека истите уредно плаќале надомест за одржување на гробиштата и нивна заштита, а надоместот го плаќале на комуналното претпријатие Дервен. Оштетените граѓани се обратиле до комуналното претпријатие Дервен за надомест на штетата а од таму добиле одговор дека за тоа треба да се обратат до Собранието на општината. Во Собранието им е одговорено да се обратат до комуналното претпријатие Дервен, бидејќи таксата за одржување и заштита на спомениците ја зема Комуналното претпријатие Дервен. Прашувам кој е должен' на оштетените граѓани да им ја надомести штетата?

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој ќе одговори, или Министерството за финансии ќе го проучи ова прашање. Министерството за финансии ќе го проучи ова прашање.

**МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ:**

Прашање до Владата, односно до Ресорното Министерство за образование. Проблемот со средното образование на албански јазик во Струга станува легенда, или подобро да се изразам добива димензија на една политичка афера. Во текот на месец септември и почетокот на месец

октомври оваа година после многубројните средби и разговори и договори со Министерството за образование беше одржана средба и кај претседателот на Републиката господинот Киро Глигоров на која учествуваа сите раководни структури на Републиката. После заедничката констатација дека нерешениот проблем со средното образование на албански јазик во Струга добива политичка димензија беше заземен заеднички став ова прашање да се реши во најкраток можен рок, односно до крајот на месец ноември до кој рок да се опфатат и сите ученици од така нареченото нелегално училиште во с.Радолишта. На ист начин требаше да се реши и проблемот со учениците кои следат настава во исто така нареченото нелегално училиште Дрита Длапкин Дол во Кичево и наместо да се прават напори овој проблем да се реши принципиелно и според договореното, учениците од овие училишта сеуште не се опфатени во редовниот школски систем, односно во Струга опфатен е само дел од тие, 100-тина во прва година., И наместо да се бара начин, еве како претходниот пратеник од Струга Трпеноврки исто така допринесува во разгорување на проблемот и само придонесува за комплицирање на состојбата. Затоа крајно време е  и Министерството за образование ако има моќ и волја и ако се придржува на договореното д£ стори напори и учениците кои сега не се ниту во Радолишта, ниту во Средношколскиот центар во Струга, туку така да се рече,се на улица, а кои поверуваа и на раководните структури и на Министерството да се најде начин тие деца да се опфатат. Овде не се работи за некои редовни конкурси и некои приемни испити. Децата имаат следено настава, настава по програмите за средни училишта на Република Македонија и тие само можеби треба да поминат низ едно формално тестирање и да ја следат наставата.

Јас морам да напомнам дека во тоа средно училиште во Струга и определени раководни структури на градот Струга се однесуваат многу деструктивно и овој проблем не сакаат да го решат. Но, со оглед на тоа што Министерството за образование е директно надлежно и компетентно за овој проблем, апелирам и правам последен повик да ги направи сите напори и она што е договорено кај претседателот на Републиката да се спроведе до крај, ако сакаме тие деца да се опфатат во редовниот школски систем.

**ДИМИТАР БАЈАЛЏИЕВ:**

Господа пратеници, бидејќи во два наврата се споменува Радолишта и случајот со Средношколскиот училиштен центар најкратко должен сум да ја кажам следнава информација. Од совет на родители од селото Радолишта постојано сме бомбардирани со големо не задоволство од она што го прави Средношколскиот училиштен центар "Нико Нестор" и Министерството, особено во последно време, а исто така од граѓани од Струга од македонско потекло дадени сме на уставен Суд. Според тоа, било каков одговор да дадам, а најмалку сакам да распалувам страсти, ќе го речам следново. Ниеден проблем толку не не има окупирано како Министерство колку што проблемите со таканаречените диви паралелки отворени септември и октомври минатата учебна година. Многу решенија при што најделикатно следејќи ги и стручните упатства на Педагошкиот завод и законските можности што сме ги да^е до сега во целиот тековен период не се реализирани заради присуство на нервоза од повеќе страни во Струга. Со полна одговорност затоа што немам ни намера да го елаборирам целото прашање чие досие веќе надминува еден килограм, сакам само да речам дека многу жалам што во последно време таканаречениот совет на родители од Радолишта и покрај многу разговори, трпение и желба да се надмине дефинитивно проблемот, наидуваме на

големо недоразбирање. Центарот покажува во последно време големо разбирање и желба да се надмине преостанатиот дел од проблемот. Заради коректност и со напори на Министерството, уставниот суд дополнително ќе се искаже се разбира. Прва година со полагање не на 6-ти или 7-ми конкурс, туку втор, или трет ако броиме и нејавувањето на децата од албанска националност, всушност нешто задоцнето заради политичката компликација положија откако Министерството организираше тринеделна интензивна работа со децата за први клас гимназија од албанска националност. Резултатот е евидентен и може да се види, дали и како е регуларно полагањето. И во тој дел проблемот е надминат. Станува збор за 24 ученика од II клас гимназија кои во меѓувреме треба да полагаат класен испит заради тоа што минатата учебна -година посетуваа настава во училиштето во Радолишта кое за нас ниту формално не можеше да биде опфатено во образованиот систем. Околу тој распоред за полагањето на класниот испит според законите на Република Македонија никако да дојдеме до решение особено затоа што Советот на родителите постојано нешто повеќе бара, морам тоа да го речам, не зависно кој како^ќе ме сфати, или во некој процеп се обидува нас како Министерство, или како средношколски центар Нико Нестор се обидуваат да не стават.

VII/1/ПЈ/ОМ

**ТЕОДОСИЕ ПАУНОВ:**

Почитуван претседателе, господа и дами!

Прво прашање поставувам, всушност барање Информација за штрајковите на земјоделците во 1992 година во Република Македонија, кои се побудите, причините и барањата на земјоделците.

Второ прашање од родот од 1992,година, се откупени земјоделските производи од преработувачките капацитети кои сеуште до денес не се платени на производителите, како што е шеќерната ј репка, сончогледот, оризова арпа, грозје, тутун, јаболка и други производи. Во врска со заштитата на имовината на граѓаните, дали граѓаните имаат, всушност производителите, право на неплатените  производи, а предкдени во магацините на разлика во цена и камата од родот на 1992 година и кој треба да,ги плат разликите и каматите И колку би изнесувале, заради тоа IJСТ е: случајот некои производи кој не се платени повеќе месеци, а некој се платени со задоцнување, а некој сеуште не-/се платени иден денес. Како што е на пример пченицата, платена е со задоцнување, како и другото жито. Меѓутоа, цената на денот на откупот била таа цена, а денес е зголемена за три пати, а производителите се оштетени. како што е исто така, курсот на девизите средства за прв пат Е покачено од тогаш КОI е продадено производството до денес што сеуште не им е платено. Граѓаните прашуваат дали имаат право на тоа и мислам дека треба да се одговори на вакво прашање во писмена форма.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали има уште прашања?

Господин Наќе Стојановски.

VII/2

**НАКЕ СТОЈАНВОСКИ:**

Со оглед на фактот дека проблемот на невработеноста е се поизразен особено на кадри со високо образование во Република Македонија, а од фактот дека често се залагаме и за одредени декларативни решенија; во однос на оваа проблематика. и присутноста на секојдневни притисоци граѓански притисоци на добар дел од невработените овде и пред вратите на овој Парламент, а и од некои индиции што произлегуваат од таа структура на невработена за злоупотреба на. пратеничката функција на добар дел од пратениците директно, влијание на вработување на свои години од кога сме станати овде пратеници .во овој Парламент, прашањето го поставувам надлежните органи. Мислам дека претходно не може да ни се правото како припадник на партија во позиција да го поставувам ова прашање од оваа Влада за тоа што од 8 јануари,1991 година,една ипол година бевме во опозиција, па. прашањето се однесува и на период, значи од 8 јануари 1991 година. Прашањето е следното, кој пратеници во составот на овој Парламент го имаат на некој начин злоупотребено сводот статус во Парламентот, имаат извршено влијание а вработување на свои роднини од прв и втор роднински ред ќе за другите редови, евентуално пријатели, швалерки итн. во републичките органи институции кои користат средства од Буџетот на Република Македонија. За периодот, од 8 јануари 1991 година заклучно до денес. При Тоа, свесен. сум дека одговорот на прашањето не може да се даде во деловнички рок, јас се согласувам да го чекам одговорот за шест месеци и нема да го' повторам до тогаш.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Никола Крстевски.

**НИКОЛА КРСТЕВСКИ:**

Прашањето ми е зошто новата Влада нема предложено заменици министри. Ова го поставувам, претходната Влада исто таа обврска не ја исполни, имаме судски спорови, редовни судски спорови и Уставни спорови на заменици министри од претходниот состав кои на некои им престанал мандатот на заменик министер односно функцијата и слично. Затоа, Владата да одговори зошто не поставува за да се избегнат овие спорови и недоразбирања. Стара, нова Влада две нови Влади, а истите заменици министри се.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Прашањето гласи: што превзема Владата со стечајните работници по пат да трансформација на работните стопанства и колективи и каква е шансата за нивното вработување и колку има на број такви работници.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Пратеникот бара писмен одговор?

Господин Исмет Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Првото прашање е дали Владата ќе може да одговори на сиве овие прашања, и дали овие ќе губат од актуелноста.

Второто прашање, сакам да образложам во последно време во Старата скопска чаршија се создава сјекојдневно една лоша слика каде што берзата со девизи односно црната берза се спречува само со еден метод и начин. Само со употреба на сила. Јас поради тоа што чаршиските еснафи веќе се вознемирени со едни вакви секојдневни настани на полицијата или

на инспекторите итн. прашувам дали Владата може да најде начин и метод да се спречи црната берза со девизи без употреба на сила односно со некој друг начин. Ве молам, барам усмен одговор.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Кој може да одговори усмено?

Господин Фрчковски.

Само Ве молам Фрчковски ако одговара се знае тој не може да не одговори со сила. Инаку, ако има друг нека одговори.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Се извинувам јас ќе(одговорам само на овој дел на прашањето што се однесува до учеството па полицијата во ова. А инаку работата воопшто не лежи на таа страна, туку лежи во некои други закони на Владата во легализирање на приватни менувачници, веројатно, тој проект тече. Според тоа, главницата од одговорот", ќе остане таму. Во овој дело од, за жал, ние досега имаме еден начин кои Владите, не само оваа Влада го применува, тоа е главно толерантен начин во однос на таканаречената црна берза на девизи. Таа ниту ексциплитно крај се затвара и се гони, ниту пак потполно во друга крајност се толерира. Од таквата активност во континуитет овие инциденти кои ги имаме се некаков минимум од сето тоа, нужно доаѓа до инциденти и не можете да ги избегнете. Бидејќи тоа е сепак една популација која е на граница или е веќе влезена во криминалитетот.

Од друга страна ние добиваме петиции од стотина сега занатлии од Старата чаршија од кои 70% се албанци, во тој список кој се жалат дека

учеството на дилерите во целиот тој простор прво радикално им го опаѓа прометот и бараат токму интервенции или решавање на тој проблем. Според тоа, различни се интересите во таа зона и полицијата е навистина најнесреќното решение кое ако на неа се остави регулирање на проблемот. Она што меѓутоа треба да се има предвид во сите тие интервенции, а што ни се јавува сега, тоа е еден посебен случај за кој јас лично го запознав и водачот на пратеничката група на ПДП -НДП . Имено, се јавуваат разни личности кои ја злоупотребуваат тензијата која постои и воопшто ситуацијата на Бит Пазар кои лажно пријавуваат дека е вршена репресија на нив.

Таков случај имавме денес еден, кој тоа лажно претставување го користат под тоа или пријавување кај политичките партии и обид тие да бидат заштитени од нив. Често тие се во овие наши два случаи граѓани на други држави,. Не се наши граѓани и при тој треба да бидеме внимателни токму 6д тој аспект. Таа атмосфера која опстојува поради тоа што Владата на овој начин реагира колку што може да  реагира и околностите;такви се како што се, се користи и за злоупотреба во сосема приватни цели на таквата тензија и тоа лесно може да доведе до идни инциденти. Тука треба да бидеме да останеме во една директна взаемна информираност, таквите инциденти да ги решаваме во истиот момент, да не прераснат во нешто подалечно. Ова се последиците од проблемот веројатно, не е одговор на проблемот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Рамадани.

Молам,ова не е одговор на вашето прашање, ова е само оној дел што припаѓа на Министерството на внатрешни работи. На вас ќе ви достават писмен одговор. Да видиме министерот, за финансии дали може нешто да каже.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Јас мислам дека никаква тешкотија не претставува да се одговори на едно вакво прашање што јас го поставив. Дури јас би имал и одговор, но не сакам во овој случај. Ве молам, јас не сакав толку да го елаборирам проблемот, меѓутоа, сосема е сигурно и јасно и сите сме сведоци дека дури и прометот на приватните занает- чии опаѓа за 50% заради овие дилери кои се во Старата чаршија. Јас реков и знам дека употреба на сила, се создава лоша слика, бегаат тие што работат со девизи, полицијата по нив, комбиња, тоа е многу лоша слика и за странски државјани и за нас итн. Што значи дека мора да се најде начин да се легализира едно вакво работење со девизи или да се одреди одредено место или да се отворат тие ченч бироа или што се менувачници, кога тоа ќе биде не мора да се чека на тој закон, треба со некоја одредба и веднаш да се донесе закон да се отворат такви менувачници. Зошто не се одговора на едно вакво прашање кога е многу лесно да се одговори.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој ќе одговара на ова прашање?

Господинот Џевдет Хајредини, министер за финансии.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Не сме во фаза да имаме конкретен предлог на акт кој што надлежните органи, Собрание, од оваа сфера да се средат односите, меѓутоа сме во тек Владата и соодветните министерства и Народна банка да се излезе со соодветен предлог на закон околу легализирањето околу девизниот дел. Прашањата сврзани со девизната берза, па во тие рамки собираме искуства од некои земји кој веќе почнаа во оваа смисла да ги

решаваат овие прашања како што е Словенија, Бугарија итн., така што интензивно се работи и мислам дека наскоро ќе имам прилика сите да се запознаеме и да учествуваме во решавањето на ова доста актуелно прашање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави господинот Михаил Пановски.

**МИХАИЛ ПАНВОСКИ:**

Јас не поставував пратенички прашања, туку трипати излегував, министерот Фрчковски го барав да дојде да ми одговори инаку, од партиите на власт човек овде не може да постави пратеничко прашање.

Сакав Владата да ми одговори политичките партии овде во парламентот застапени на власт што се односно СДС, Реформските сили - Либерална партија и Социјалистичката партија, наследничките на бившата Комунистичка партија колку од предизборната кампања, значи од воведувањето на повеќепартискиот живот во Македонија, значи со регистрирањето на првите политички партии, тоа беа Лигата и МААК, почетокот. на .1990 година, па се до ден денеска колку овие партии имаат добиено пари од друштвените фирми во република Македонија од фирмите кои се на буџет, значи од сите фирми што постојат освен приватните фирми. Тоа преку СОК како ќе се изврши контрола незнам, но јас барам да ми биде даден одговор за периодот комплетно од 1990, 1991 и 1992 година.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Се разбира.

VII/8

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Ви меѓувреме со Законот на Анте Марковиќ тие фирми можеби се претворија во Акционерски друштва итн. тие можеби уште многу пати ќе си го сменат својот титулар на сопственост, но се знае многу добро за кои фирми тоа се однесува, конкретно, Макпетрол и некои други поголеми кои што се со законот за приватизација можеби ќе станат и приватни.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сигурно тоа мора да се однесува за сите партии.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Моето прашање е само за овие три партии.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Инаку, ние да ја за одиме Владата сите партии да ги провери. Инаку, тоа е {одамна ј предложено и тоа токму од нашата пратеничка група. Тоа го велам, затоа што некои отвораат клубови, многу брзо се основани; а клубови отвораат па треба да видиме од каде им се парите.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Пратеничкото прашање се однесува на еден сегмент кои што е сосема легитимно да се постави едно такво прашање, а тоа е начинот и механизмите на финансирање на политичките партии кои што како прашање ние треба генерално и досега требаше, меѓутоа треба и сега со новиот закон за политички партии генерално да го уредиме. Мислам дека тука треба сосема јасно да се дефинираат правилата на игра и начинот на финансирање политичките партии да биде лесно проверлив, како и во други држави. Јас се согласувам да се направи можеби едно вакво широко согледување за сите политички партии и тоа не само околу општествените

фирми, и она што е многу битно во други држави. Финансирање на политички партии, она што мора да се спречи тоа е финансирање политички партии од надвор, од друга држава. Тоа исто така, мора да подлежи на ригорозна контрола. Така, мислам дека можеме севкупно за сите политички партии, за сите механизми на финансирање да побараме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има прашање господинот Пановски.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Моето пратеничко прашање се однесуваше за овие три политички субјекти. Држи одговорот на премиерот, не би ми пречело ако бидам и за тоа известен но јас би го замолил претседателот на Собранието да неправи никакви инснуации и нашите предлози овде што доаѓаат со должно внимание да се однесува кон нив.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Само со должно внимание за сите да се знае.

VIII/1 НН/ЛБ

**ГОРГИ БОЈКОВСКИ:**

Ја поддржувам оваа иницијатива, но да се однесува за сите партии, по сите основи било од земјата или од странство.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Прашења се сега, а не поддршка.

**ЃОРЃИ БОЈКОВСКИ:**

Прашањето да биде од каде се финансирани во овој период сите партии кои се регистрирани во Република Македонија и кои учествуваа на изборите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

И оние кои не учествуваа, сега има, се финансираат.

**ФАИК АБДИ:**

Мислам дека на вакви прашања не |се можат да се добијат одговори кои што ќе дадат една чистина. Наиме, прашањата треба да се поставуваат вака. Освен овие партии за кои што е поставено прашање, сигурно ќе се добие одговор, прашање е други политички партии дали добиваат средства од странство и ако тие не поминуваат преку жиро сметка, девизни жиро сметки, како се внесуваат внатре и дали се евидентирани во деловните книги на партиите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам дали има уште прашања. Нема.

Значи со пратеничките прашања завршивме.

Ве известувам дека Комисијата за труд и социјална политика предлага Информацијата за финансиските состојби во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување во периодот јануари - август 1992 година, да послужи за информирање на пратениците.

- Кој е за предлогот на Комисијата, молам да крене рака? {52
- Дали има некој против? (Не.)
- Дали некој се воздржува од гласање?(5)
- Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Известен сум дека Комисијата за економска политика и развој расправала по материјалот "Проблеми на политиката на регионалниот развој и побрзиот развој на стопански недоволно развиените подрачја и предлози за можен концепт на системот и политиката на регионалниот развој во Република Македонија" и дека заклучила расправата по него да заврши во Комисијата.

- Дали се согласувате?

- Се согласувате.

Ве известувам дека пратеничката група на ПДП предлага дневниот ред за денешната седница да се дополни со "Информација на Владата на Република Македонија за плаќањето на даноците на граѓаните во Републиката по општини".

Предлогот на пратеничката група е доставен до Владата. на Република Македонија.

Молам, претставник на Владата да го изнесе ставот на Владата.

Дали можете да дадете сега таква информација.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Денеска не сме во можност да дадеме таква информација.

**СТОЈАН АНДОВ;**

Значи за наредната.

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Излегов само да додадам ако има можност Владата да го истакне и националниот состав на граѓаните што плаќаат или не плаќаат данок.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Во информацијата. Тоа е додатна сугестија.

Господинот Тодор Петров бара нешто процедурално но да го утврдевме прво дневниот ред; или сега.

Повелете.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Сакам да поставам една процедурална забелешка се работи за повреда на Деловникот.

По завршувањето на педесет и втората седница, бидејќи Собранието не заседаваше во тој период немавме ни можности да ставаме забелешки, па затоа пред почетокот и пред утврдувањето на дневниот ред сакам да укажам во врска со повредата на Деловникот- на Собранието.

Во членот 481 од Деловникот на Собранието се вели следното официјално соопштение за средствата за јавно информирање се дава особено по седниците на Собранието, или на работните тела што се одржани без присуство на јавноста односно без присуство на претставници на средствата за јавно информирање, како и во други случаи кога за тоа ќе одлучи Собранието или работното тело.

Ако текстот по официјалното соопштение не е утврден на седницата на Собранието односно на работното тело тој текст го утврдува претседателот на Собранието односно на работното тело." И ова е во ред, што{се однесува до официјалните соопштенија што ги издава Собранието и неговите работни тела.

Меѓутоа, без одлука на Собранието, по завршувањето на педесет и втората седница на која на дневен ред беше утврдена точката "информација на претседателот на Република Македонија Киро Глигоров на

разговорите со претседателството на;Европската заедница", од страна на службата за информирање на Собранието на 11 декември 19 92 година за средствата за јавно информирање во спротивност и без овластувања од Деловникот на Собранието е издадено соопштение во кое се вели: "Бидејќи во дел од странските средства за јавно информирање по повод вчерашната седница на Собранието на Република Македонија е пласирана вест дека Собранието се изјаснувало односно донело одлука за информацијата на претседателот на Република Македонија Киро Глигоров за разговорите со претседателството на Европската заедница службата за информирање на Републичкото собрание го дава следното појаснување.

Парламентот согласно со уставните надлежности на претседателот на Републиката не гласаше, ниту донесе каква било одлука за неговата информација. Во текот на расправата парламентарните групи на партиите на владината коалиција е СДС, албанските партии ПДП и НДП, Реформските сили - либерална партија, Социјалистичката партија, ПЦЕР кои претставуваат мнозинство во Собранието изразија согласност со информацијата што ја поднесе. претседателот Глигоров"

Сакам да го изразам својот протест од мое лично име, а верувам од името на повеќе пратеници на парламентарната опозиција за ваквото дезинформираше на јавноста, бидејќи ова соопштение кое е издадено спротивно на одредбите на Деловникот на Собранието, без официјално утврдена содржина на седница на Собранието за мене претставува пресметана и намерно пласирана вест за да се доведе во заблуда домашната и меѓународната јавност дека Собранието не одлучувало, меѓутоа мнозинството дало согласност за предлогот на претседателот на Републиката, за компромисното име за надворешна употреба, со додавката Скопје во заграда.

VIII/5

Имајќи во предвид дека досега ниту еднаш не се објавувала структурата на пратениците по партиска припадност според содржината на нивните говори дали биле за или против некој предлог кој што е ставен, а за кој што Собранието формално не се изјаснува, туку во записниците само се евидентира пратениците под име кои учествувале во расправата по прашаше што е на дневен ред, дека според изјавите и говорите на координаторите на парламентарните- групи не може да се извлече одлука за тоа како е расположението на секој пратеник, бидејќи во согласност со Уставот пратеникот одлучува по свое уверување, дека и давањето согласност е одлучување за кое се знае како се постапува, содржината на соопштението од службата за информирање на Собранието го оквалификувам како најобична дезинформација со цел формално,.преку игра на зборови да се покрие предлогот на претседателот на Републиката и на министерот за односи со странство за компромисното име што самите без одлука на Собранието го понудиле во разговорите со претставниците на претседателството на Европската заедница - Република Македонија . со додавката Скопје во заграда, за надворешна употреба.

Сакам да повторам дека Собранието не изрази никаква согласност, ниту пак подготвеност за додавка на името за надворешна употреба, со термин што уште попрецизно би ја лоцирал државната територија со името на главниот град на Македонија - Скопје, ниту пак гласаше и одлучуваше по информацијата на претседателот на Републиката. Собранието не може да сондира и соопштува врз основа на говорите на пратениците став на Собранието и тоа не за сите пратеници за одредена согласност или несогласност. Секоја одлука се донесува во потпишана форма и на дециден начин и тука не може да се прават никакви импровизации, па ниту од службата за информирање на Собранието, заради што ова Собрание ниту пак ни ја овластило, да издаде со своја одлука официјално соопштение.

Впрочем, кога актите што ги донесува Собранието се објавуваат во Службен весник воопшто не се констатира во било каква фуснота кои пратеници, со какво мнозинство гласале за тој акт или не. Никаде не се наведува за тоа кој пратеник како гласал.

Овој протест барам во целост да се пренесе во текстот на записникот од оваа седница.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Се разбира дека ова не е Деловничка интервенција, процедурална бидејќи со денешната седница нема никаква врска, туку ова е политички маркетинг да се изнесат одредени свои погледи. Го искористив тоа, требаше да го прекинам, да муземеме збор, тоа не го сторив и во ред е.

Меѓутоа морам да ви покажам дека тоа не е службено соопштение на Собранието, затоа стои дека е тоа службата за информирање.

Во членот 482 стои дека претседателот на Собранието може да свика конференција за печат или за да ја пренесе на некој од функционерите, или пак што е уште помалку да се даде на средствата за информирање тоа истото што треба да се каже на конференција за печат. Ништо повеќе не е учинето со информацијата што е дадена од службата за информирање. Никаде•не вели во веста дека е тоа званично соопштение на Собранието. Зошто е дадено тогаш тоа соопштение. Заради тоа што повеќе светски агенции потпирајќи се на информациите од Тањуг објавија тоа утро една дезинформација која можеше да и штети на државата Македонија дека во македонското Собрание овде во Република Македонија се гласало и се усвоила промена на името.

Најмалку што можев да направам, да советувам на службата да даде информација дека тоа не е точно. Тоа е една работа.

Друга работа. Точно е дадено дека се расправаше по таа информација и точно е тоа точно што пишува во соопштението. Ако тоа не е точно тогаш ќе се јавеа пратениците кој се цитирани од тие пратенички групи а господинот Петров.

VIII/7

(Господинот Петров од место бара реплика)

Нема веќе, готово по ова е завршена расправата. Ова не е на дневен ред.

(Пратеникот Петров упорно бара реплика)

Нема реплика по ова, не е на дневен ред.

Не, по тоа вие што си давате ваше соопштение.

(господинот упорно инсистира и вели јас барам да ми дадете збор, процедурална забелешка имам).

Не дозволувам, нема реплика по тоа не е на дневен ред.

Ве молам престанете таму.

Господинот Петров упорно инсистира да му се даде збор.

Не доаѓа во obѕир. Ќе си предложите точка на дневен ред тогаш ќе расправаме за тоа.

(Тодор Петров бара збор за процедурална забелешка.

Не, нема никаква процедурална забелешка. После ќе си зборите по процедурата. за вас. Ве молам, нема врска тоа со денешната седница.

(Тодор Петров од место од каде знаете што ќе кажам).

Па затоа ви велам немате право да дојдете на говорница. Не ви давам, не може, затоа што имаме седница со предлог. Вие продолжете по дневниот ред. Ако сакате за 52-та седница ќе си предложите за овој дневен ред, ќе си добиете збор.

(Процедурална забелешка)

Не, не може. Ќе си барате после, не по овој повод.

(Тодор Петров од место - па по кој повод вие зборувавте овде)

Јас зборував затоа што вие ја злоупотребивте говорницата.

Ајде повелете, ајде.

Невидена упорност.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Не невидена упорност, туку пратеничко право. Без право на претседател да коментира излагање на пратеници како што него му одговара и кога него му одговара. Делегат кој сака да говори за повреда на Деловникот, или за повреда на утврдениот дневен ред, претседателот ќе му даде збор штом тој ќе го побара. Се работи за повреда на Деловникот во врска со официјалното соопштение на Службата за јавно информирање. И тоа мое право јас го кажав на оваа седница. Тука не гледам никаква причина претседателот да констатира дали имам или немам право по однос на дневниот ред, за 53-та седница, меѓутоа бидејќи беше спомнато моето име сакам да му одговорам на претседателот со една реплика.

Ако беше политички маркетинг излагањето на пратеникот Петров тогаш истото е политички маркетинг ,и неговото излагање после излагањето на пратеникот Петров. И1 контактира претседателот дека тоа, е информација на Службата за информирање, а не информација на Собранието. Ако е на службата за информирање се поставува прашањето чија е таа служба за информирање, на ова Собрание, или ова Собрание нема право да констатира и коментира однесување на службите на ова Собрание освен само за пратеничкото однесување. .

**СТОЈАН АНДОВ:**

Констатирав овде дека не е прекршен Деловникот, дека е тоа само изманипулиран повод да се кажат други работи. Затоа овде интервенирав. Само тоа, ништо друго.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине претседателе во име на пратеничката група на СДС и други пратеници кои реагираа на ваков начин на нарушување на седницата протестирам и ве молиме да го спазите Деловникот за утврдување дневниот ред на оваа седница

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, тоа токму и го правам. Во што е работата?

(да не му давам збор на Петров, меѓутоа гледате како е).

Имаме предлог по итна постапка да се донесе Одлука за привремено финансирање на функциите на Република Македонија во 1993 година. Треба да образложи министерот за финансии дали да го уврстиме на дневен ред денес. Се бара денес да се уврсти на дневен ред.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Со оглед дека се приближува крајот на годината за да имаме легално финансирање на државата веднаш после нова година се наметнува потребата оваа одлука да се донесе на оваа седница.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, дали се прифаќа образложението?

Кој е за молам да крене рака (63)

Шеесет и три пратеника гласаа за.

Дали е некој против (1)

Дали некој! Се воздржува од гласање (7)

Констатирам дека ова е уврстено во дневниот ред.

Според тоа за денешната седница1 го предлагам следниот дневен ред.

(ПРИЛОГ)

- Според тоа за денешната седница го предлагам следниот

**ДНЕВЕН РЕД:**

1. Предлог за измени на Републичкиот буџет за 1992 година;

2. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за ограничување на потрошувачката за општите општествени и заеднички потреби во 1992 година, со Предлог на закон;

3. Предлог за донесување на закон за персоналниот данок од доход;

4. Предлог за донесување  на закон за данок од добивка на корпорации;

5. Предлог за донесување на закон за даноците на имот за девизното работење.

7. Предлог за донесување на закон за кредитните односи со странство;

8. Предлог за донесување на закон за финансиското работење;

9  Предлог за донесување закон за сметководството;

10. Предлог за донесување на закон за заштита на индустриската сопственост;

11. Предлог за донесување на закон за пензиското и инвалидското осигурување;

12. Нацрт на закон за рибарство;

13. Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за системот на финансирање на општите општествени и заеднички потреби, со Предлог на закон;

14. Предлог за донесување на закон за задолжуваше на Република Македонија кај Народната банка на Република Македонија, со Предлог на закон;

15. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за здружениот труд, со Предлог на закон;

16. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за воведување обврска за плаќање при патување во странство, со Предлог на закон;

17. Предлог за донесување на закон за начинот и постапката на усогласувањето на работењето на претпријатијата и другите правни .лица што вршат стопанска дејност на територијата на Република Македонија, а имаат седиште на територијата на другите републики на поранешна СФРЈ, со Предлог на закон

18. Предлог за донесување на закон за плаќање на дополнителна поштенска мерка, "Република Македонија - Цвеќе на мирот", со Предлог на закон;

19. Предлог за донесување на закон за овластување на организацијата за изработка на книжни и ковани пари, со Предлог на закон;

20. Предлог за донесување на Закон за плаќање на дополнителна поштенска марка "100 години од основањето на ВМРО", со Предлог на закон

21. Предлог за донесување на закон за финансирање на изградбата на II-та фаза на системот за заштита на Дојранското Езеро, со Предлог на закон;

22. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за данок на промет на производи и услуги, со Предлог на закон;

23. Предлог за донесување на закон за ратификација на Протоколот за воспоставување на дипломатски односи меѓу Република Македонија и Република Турција, со Предлог на закон;

24. Предлог за донесување на закон за ратификација на договорот меѓу Република Македонија и Република и Република Бугарија за воспоставување на конзуларни односи и остварување на генерални конзулати во двете земји, со Предлог на закон;

25. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за поттикнување на развојот на земјоделството, со Предлог на закон;

26. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за шумите, со Предлог на закон;

27. Предлог за донесување на закон за изменуваше на Законот за берзи за земјоделско - прехранбени производи, со Предлог на закон;

28. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за управување и користење на пасишта и утрини, со Предлог на закон;

29. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за ловот, со Предлог на закон;

30. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за водите, со Предлог на закон;

31. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за здравствената заштита на животните, со Предлог на закон;

32. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за заштита на рас- тенијата од болести и штетници, со Предлог • на закон;

33. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за ветеринарна служба, со Предлог на, закон;

34. Предлог. за донесување на закон за изменување на Законот за заштита на растенијата од болести и штетници кои ја загрозуваат целата земја, со Предлог на закон

35. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за унапредување на сточарството, со Предлог на закон;

36. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за одгледување на кози, со Предлог на закон;

37. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за квалитетот и контролата на вештачките ѓубрива, со Предлог на закон;

38. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за земјоделска инспекција, со Предлог на закон;

39. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за заштита на животните од заразни болести што ја загрозуваат целата земја, со Предлог на закон;

40. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за рибарство, со Предлог на закон;

41. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за тутун, со Предлог на закон;

42. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за вино, со Предлог на закон;

43. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за семе, со Предлог на закон;

44. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за саден материјал, со Предлог на закон;

45. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за заштита и користење на земјоделско земјиште, со Предлог на закон;

46. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за заштита од штети на полскиот имот, со Предлог на закон;

47. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за слободните и царинските зони, со Предлог на закон;

48. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за основите на системот на осигурување на имоти и лица, со Предлог на закон;

49. Предлог за донесуваше на закон за изменуваее на Законот за Народната банка на Република Македонија, со Предлог на Закон;

50. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за кредитните односи со странство, со Предлог на закон;

51. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за сметководството, со Предлог на закон;

52. Предлог за донесување на закон за изменување на Царинскиот закон, со Предлог на закон;

53. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за даноците на граѓаните, со Предлог на закон;

54. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за комуналните такси со Предлог на закон;

55. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за административните такси, со Предлог на закон;

56. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за оданочување на странски лица, со Предлог на закон;

57. Предлог за донесување на .закон за изменување на Законот за данокот на промет на недвижности и права, со Предлог на закон;

58. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за данокот на промет на производи и услуги, со Предлог на закон;

59. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за финансиско работење, со Предлог на закон;

60. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за игрите на среќа и за забавните игри на автомати, со Предлог на закон;

61. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за банките и другите финансиски организации, со Предлог на закон;

62. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот на Службата за општественото книговодство, со Предлог на закон;

63. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за девизното работење, со Предлог на закон;

64. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за промет со земјиште и згради, со Предлог на закон

65. Предлог за концесија

66. Предлог на закон за данокот од добивка;

67. Предлог на закон за хартии од вредност;

68. Предлог на одлука за потврдување на финансискиот план на Народната банка на Македонија за 1992 година;

69. Предлог на одлука за измена и дополна на Одлуката за основање јавно претпријатие за водоснабдување "Студенчица - Злетовица";

70. Предлог на одлука за изменување и дополнување на Одлуката за делумна реконструкција на системот на климатизација и комплетно решение на системот за гласање, пријавуваше на дискусија и дискусија од место.

71. Предлог за овластување на Комиси- јата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија.

72. Предлог за донесување. на одлука за привремено финансирање на функциите на Република Македонија во 1993 година

IX/1./ЛП/лј

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали има некој предлог за изменување и дополнување на дневниот ред?

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Владата предлага Собранието да не ја разгледа точката 14 - Предлог за донесување на закон за задолжување на Република Македонија кај Народна банка на Република Македонија и оваа точка да се симне од дневен ред бидејќи не е актуелна.

**ИВАН ИВАНОВ:**

Господине претседателе, почитувани колеги пратеници, при утврдувањето на дневниот ред на 51-та седница се водеше една поширокарасправа околу уфрлувањето на точката - Проблемите,состојбите и мерките кои треба да ги преземе Владата на Република Македонија околу откупот на земјоделските производи по реколтата од 1992 година Притоа, исто така, имавме мачна ситуација и гласање каде што оваа. точка по Предлог на пратеникот Тодосие Паунов беше и усвоена. Меѓутоа, принципиелно, работа која што беше заземена во почетокот на седницата дека за оваа точка треба да биде претходно изготвена комплетна информација од Владата и дека таа точка ќе биде ставена на дневен ред на Наредната седница, еве сега е втора седница после таа седница меѓутоа таа, точка не е ставена на дневен ред.

Поаѓајќи од значењето на ова прашање,не дозволувајќи тоа да се трансформира во исчекување или негово тактичко надминување сметам и предлагам на оваа седница оваа точка да биде поместена на дневен ред.

IX/2.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да видиме Владата што мисли.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Нема никакви проблеми околу тоа дека може точката да се стави на дневен ред, и покрај тоа што информација во пишана форма на е презентирана, меѓутоа затоа би ве молел ако може подолу да се стави, тогаш во меѓувреме и пишана информација би се доста- вила. Инаку, вака ќе одиме на усмена информација.

Инаку, 51-та седница на Собранието на Република Македонија сеуште не е завршена. Затоа што денес имаме прилика при неколку поставувања на пратенички прашања, се вели уште не 51-та седница го поставив ова, сеуште не ми е одговорено.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За предлогот на пратеникот Иван Иванов Владата прифаќач да биде ставен на дневниот ред.

Кој е за, молам да крене рак^?

64 пратеници гласаа за предлогот.

Дали има некој против? (Нема) I

Дали некој се воздржува од гласање? (1 пратеник)

Констатирам дека овој предлог е прифатен.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Лично и како пратеничка група;на ПДП НДП предлагаме да се стави на дневен ред и да се поднесе една информација за нас- таните на Бит пазар на 6 ноември 1992 година.

Зошто го бараме тоа?

Затоа што од 6 ноември не е доставена никаква информација до Собранието на Република Македонија, тоа значи дека поминаа 48 дена.

Пратеничката група на ПДП на 9 ноември, веднаш после настаните, писмено предлагаше и бараше од Собранието односно до

IX/3.-

Претседателството на Собранието да се закаже седница на 12 ноември. Зошто го баравме тоа? Да се соочиме со вистината. Затоа што првите информации од министерството за внатрешни работи , правата верзија, а имаме сознание дека имало и втора и трета итн., меѓутоа ниедна од нив не дојде до Собранието на Република Македонија.

Ние како пратеничка група дури имаме и наша проценка во врска со тие настани на Бит пазар. Затоа, зошто инсистираме да се расправа врз основа на една информација од Министерството за внатрешни работи ? Затоа што веднаш после настаните имаше грмежи, од инсинуации, од соопштенија, од разни партии, дека е вмешана ПДП / во сите овие настани затоа, за да се соочиме со вистината сакаме да расправаме во врска со ова врз база на аргументите

Уште нешто. Таа информација е подготвена од министерството за внатрешни работи..Јас сум личен сведок, кога дадовме ние како пратеничка група една информација како наша проценка, дури и политичка на господинот Герд Аренс, министерот Фрчковски, исто така , достави информација до господинот Герд Аренс, меѓутоа, информација која не помина во Собранието, информација за која не се расправаше во Собранието.

Затоа, уште еднаш Предлагаме да се достави информација и да се расправа за настаните на 6 ноември на Бит пазар.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, Владата не дала информација за тоа уште во собранието и ние немаме материјал за расправа овде. Нека каже претставник на Владата.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Се разбира дека Владата во целиот тој период после тој настан беше во тек и беше информирана од страна на Министерството за внатрешни работи, кое изготви некои информации, меѓутоа, тие не беа усвоени и не

беа во таква форма за да бидат информација која ќе произлезе од Владата до Собранието.

Од друга страна, досега немало ниту директно задолжение од страна на Собранието, не се расправало за тоа па да има заклучок на Собранието дека се бара таква информација од Владата да се под- готви. Ако тоа се направи сега во оваа прилика, тогаш за наредната или за една од нарендите седници ние ќе презентираме таква информација.

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Сега тука излегува дека е некој пропуст во односите Собрание - Влада. Ние навремено сме доставиле писмено барање, бидејќи вие, господине премиер, рековте дека не сте за денес спремни за такво нешто тогаш останува за идната седница, 54-та седница.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вашето барање е доставено на време до владата. Овде стан збор дали заклучило Собранието. Собранието нема заклучено да се бара таква информација. Инаку, иницијатива има. Добро, на наредната седница.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Со оглед на тоа што како точка 21 е предлогот за донесување закон за финансирање на изградбата на втората фаза на системот за заштита на Дојранското езеро со Предлог на закон, чиј предлагач е не зависниот пратеник Петров Тодор, и со оглед на тоа што со овој Предлог на закон се предлага да се создадат обврски во Буџетот за 92 година, предлагам точката 21 од дневниот ред да биде пред Предлогот за изменување на Републичкиот буџет за 1992 година.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа е редослед за расправата, вред. Прво да го утврдиме дневниот ред.

IX/5.-

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Сакам да предложам нова точка на дневниот ред која ќе гласи: Организациона поставеност на средствата за информирање во Република Македонија и состојбата во Македонската телевизија.

Ќе дадам кратко образложение: Како прво, ова Собрание веќе на неколку пати има изгласано одлука за да се расправа за средствата за информирање и за Македонската телевизија, изгласана е одлуката уште минатата година на предлог на пратеникот Љупчо Јакимовски, оваа година беше изгласана на предлог на пратеничката Гулистана Јумеровска. Исто така претседателот на Собранието вети

дека ќе ја стави таа точка на дневен ред, но после повлекување на интерпелацијата на господата од ПДП, ја симна точката од дневен ред, иако точката беше ставена не по предлог на господата од ПДП , туку на донесен заклучок по барање на пратеничката Глистана Јумеровска.

Второ поради основано сомневање дека уредувачката политика на Македонската телевизија не соодветствува со интересите на Македонската држава.

Трето, стариот Совет на МТВ бараше да се расправа во врска со оваа тема преку нивно барање до парламентот.

Четврто, поради основани сомневања за финансиски малверзација на маркетинг службата на Македонката телевизија во врска со што не би било лошо и Министерството за внатрешни работи да се произнесе и

Петто, и најважно поради се помасовното неплаќање на радио ТВ претплатата што во крајна линија води кон растурање на системот на Македонската државна телевизија.

Затоа, со оглед на тоа што сите добро овде сме запознани со овие состојби барам таа точка да биде ставена на дневен ред и да се донесат оперативни заклучоци сврзани со временски рокови во врска со оваа тема.

IX/7.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да се разбереме, никаква одлука Собранието не донесувало Собранието донесе заклучок по предлог прво на господинот Јакимовски, а потоа и по предлогот на госпоѓа Марковска, тогаш Јумеровска и ја задолжи Владата да подготви материјал. Тоа е заклучокот, кој ќе дојде овде потоа да го расправаме. Владата во стариот состав скоро 8 месеци не подготви материјал по заклучокот на господинот Јакимовски. Потоа, исто и по овој заклучок немаме материјал, имаме мислење на Владата кое овде нека го износат луѓето што се од Владата. Да слушнеме кое е мислењето на Владата, затоа што тоа им е на време упатено и ние немаме добиено материјал и не можеме да го ставиме на дневен ред додека немаме материјал. Тоа е постапка предвидена со Деловникот.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Незнам на кое мислење мисли^претседателот на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има едно мислење во кое велите дека во согласност со Уставот Владата не може да дава мислење да се. расправа за тоа.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Меѓутоа, и без разлика на тоа, еве сега ќе го кажам моето мислење.

Прво, треба јасно да се каже кое ќе биде задолжението , мислам каков е заклучокот од страна на Собранието, со што се задолжува Владата. Ако се сеќавате, тогаш кога се утврдуваше тој заклучок ние говоревме на таа тема и рековме дека ние во Уставот имаме одредба за не зависно и слободно новинарство генерално. Треба да се. види каде има ингеренции било Собранието, било Владата, да го отвора тоа прашање. Сосема е чисто за оние институции од информативната сфера каде што било Собранието било Валата се јавуваат како основачи. Да речеме, Македонската радио-телевизија е медиум каде што како основач се јавува Собранието на Република Македонија и сосема е јасно дека може Собранието на

IX/8.-

Република Македонија како основач да поставува на дневен ред сите аспекти и финансирање, и уредувачка концепција, на крајот на краиштата Совет на радио-телевизијата бира ова Собрание и тоа е сосема вред. Тука Владата може да даде мислеше и затоа велам треба да се прецизира што е задолжението што се упатува до Владата. Да речеме, од финансиски ли аспект да се проверат некои работи итн.? На пример многу е нејасно што се сака да се каже со тоа дека се има уредувачка политика во спротивност на интересите на оваа држава. Тоа е друга работа, не навлегувам во образложението меѓутоа, тогаш не треба да се разговара за се поставува прашање што е, веле предавство ли, за што, а не за уредувачката концепција.

Од друга страна, за оние други информативни гласила, да речеме печат, има радиостаници во последно време приватни, итн., студентски итн., каде што не се јавува како основач ниту Собранието на Република Македонија, ниту Владата, се поставува прашањето што значи ставање на дневен ред на таа структура на гласилата, не ли е тоа кршење на уставната одредба за слободно и не зависно новинарство. Сега да речеме ние да разговараме за студентското радио каква политика води, како £ поставено итн., или за некое друго гласило.

X/1 cc/пн

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:** (продолжение)

Мое мислење е сега, во оваа можност дека, доколку се мисли на оние информативни гласила, на оние информативни куќи каде што Собранието се јавува како основач, да речеме МРТ, тогаш може Собранието да постави таква точка и да бара конкретно мислење по пооделни сегменти од работењето на таа куќа, Владата да подготви. Да речеме, да го провери финансиското работење на таа куќа, како што постави, ние можеме да подготвиме таква информација.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Збор побара госпоѓа Марковска. Да прецизираме што е предлогот, што да влезе во дневниот ред.

**ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Почитувани пратеници, јас жалам што ја немам стенограмата од таа,седница за да потсетам и претседателот на Собранието и сегашниот премиер кој тогаш дискутираше од позиција на пратеник и изнесе од прилика слично мислење, морам да кажам, меѓутоа Собранието не донесе одлука Владата да направи:материјал. Собранието донесе одлука да се постави на дневен ред токму под тоа име организационата поставеност на средствата за јавно информирање", а ќе потсетам од кој аспект.

Во улога на основач на МРТ да ја разгледува целокупната состојба, за што е и овластено Собранието, не само од аспект на финансиите, туку и од аспект на уредувачката политика, понатамошната состојба на Македонската телевизија, нејзината изграденост, дали ќе биде државна, национална телевизија, какви се канали ќе поседува и морам да кажам дека тоа беше

барање упатено од Советот на МРТ чиј што поранешен член бев јас и која што во 2 наврати бараше оваа точка да се постави како ургентна на ова Собрание, што од причина на финансирање како и од причина за тоа како треба да изгледа уредувачката политика.

Што се однесува до обопштениот дел, организационата поставеност на средствата за јавно информирање овде не би било поставено од аспект на уредувачка политика и начин како да пишуваат односно како да известуваат сите. Тука се сметаат и приватните и нашето официјално, односно државно радио, тука повеќе се однесува тоа е слободно, нецензурирано, такво нешто постои во Уставот, меѓутоа, повеќе се однесува од аспект на финансирањето. А, за тоа во овој случај е надлежна Владата. Во тој аспект, би требало да . биде барањето заради тоа што не можат едни да стартуваат со барање, за финансирање и тоа нешто да им се удоволува, а другите да не немаат ништо и да бидат ставени во подеднакво сфера.

Според тоа, мислам дека Собранието за ова нешто не треба да гласа, бидејќи еднаш го изгласа и морам да потсетам дека дури беше поединечно гласањето и дека оваа тема треба да биде поставена на дневен ред.

Друго е дали тоа ќе се постави сега, без материјал, за што не се согласувам, меѓутоа, мислам дека треба да биде со материјал и дека ■ треба да биде концепирано не на некоја од на- редните ниту првата наредна, туку да биде дадено точно и во кој термин ќе се разгледува и со одредени податоци, за да не зборуваме во празно.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сега да се разбереме, госпоѓа Марковска да помогнете ве молам, дали предлагате денеска да се утврди на дневен ред и ако предлагате кој да го направи материјалот или предлагате на една од наредните седници да се утврди на дневен ред или на прва наредна седница и да се подготви материјал. Да видиме сега за тоа што таа зборуваме и прецизираше.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Мала грешка направивте претседателе, госпоѓата Јумеровска не може да дава мислење, туку само јас како предлагач кога да биде. Јас мислам дека, и така оваа седница ќе биде доста долга, има 72 точки, сега за сега, и точки' за што претпоставувам дека ќе има I голема расправа, би се согласил оваа точка да биде како последна на 53-та седница. Така и ја предлагам.

Понатаму, сакам само да кажам некои работи до господинот. Црвенковски дека јас воопшто не кажав велепредавство. Или Студентското радио мене воопшто не ме интересираат приватните радио-станици. Јас мислам дека ние имаме една голема, тоа ни е и должност, бидејќи од тој народ сме бирани, за да работиме во интерес на државата, бидејќи ако продолжиме со нашето несериозно однесување и неставање на оваа точка на дневен ред и недонесување конкретни заклучоци и насоки за надминување на проблемите, де/ка ќе јас доведеме државната телевизија и системот на државната телевизија пред распраќање. Тоа е мое слободно пратеничко мислење. Имам право да мислам ако што сакам. Бидејќи факт е дека огромна маса луѓе не ја плаќа ТВ - претплатата и тој број се повеќе и повеќе се зголемува. Факт е, плус тоа, дека одреден број квалитетни

новинари веќе ја напуштаат ТВ, а сепак е таа наша, државна, македонска ТВ и ние сме оснивач, ова Собрание на таа ТВ и не смееме да дозволиме на очиглед на целата јавност да се распадне системот на таа ТВ.

Инаку, во врска со мојата втора точка од образложението за поставување на дневен ред дека, ќе повторам уште еднаш, дека постои, според мене и тоа е мое лично пратеничко право сакам да го искажам основано сомневање дека уредувачката политика, на куќата се мисли на македонската ТВ, не соодветствува со интересите на македонската држава.

Кога ќе биде ставена таа точка на дневен ред, многу поопширно и поопстојно ќе го образложам, пас тогаш ќе може да дискутираме сите овде. Затоа сега да не навлегуваме во тоа, туку предлагам да ја изгласаме оваа точка па имаме време и таа информација од Владата, а според мене таа не е ни многу битна, бидејќи според состојбите за нив сме сите многу добри запознаени какви се и затоа предлагам да ја изгласаме точката на дневен ред.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, чекајте малку, да разјасниме. Не е ништо гласано. Гласано е само да се задолжи Владата да подготви материјал. И ден денес ние материјал немаме.

Го молам г-дин Пановски да каже прво како точно да гласи точката и кој да подготви материјал или предлагате без материјал.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Јас реков дека за мене материјал не е ни толку битен. Значи, може и без материјал да расправаме.

X/5

Второ, бидејќи постои заклучок на ова Собрание, кој заклучок е на 2 пати гласан и изгласано е таа точка, така нареченото претседателство кое го составува дневниот ред ја стави таа точка на дневен ред. Го нарекувам така наречено претседателство, бидејќи тоа не е уставна категорија туку од стариот систем по некоја инертност продолжува така да се вика.

Значи, постои заклучок оваа точка да ја ставиме на дневен ред на 2 пати и со нашето индиферентно однесување, не верувам дека постои некоја свест или намера таа точка да не се стави таа точка едноставно како да ја одбегнуваме или се плашиме да ја ставиме на дневен ред.

Точката треба да гласи "Организациона поставеност на средствата за информирање во РМ и состојбите во македонската телевизија"

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи, така и без материјал.

Дали уште некој бара збор за тоа?

Има збор господин Јакимовски.

**ЉУБОМИР ЈАКИМОВСКИ:**

Се јавив за збор бидејќи бев спомнат 2-3 пати од оваа говорница како еден од иницијаторите за ставање на точката на дневен ред со ваква содржина.

Мојата професија е новинар и многу пати сум истакнувам дека најкатегорично се спротивставувам на мешањето на уредувачката политика на информативните средства. Моите заложби на ова Собрание одеа во

насока на регулирање на процесот на трансформацијата на новинско - издавачкото претпријатие "Нова Македонија". По добиениот одговор од Министерството за информации при Владата на РМ дека при трансформацијата на "Нова Македонија" од орган на Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Македонија во општествено претпријатие се направени многу пропусти и дека таквата трансформација не е законски извршена, побрав Владата да подготви малку поопширен материјал и ова Собрание да се позанимава со тој проблем.

Но, Владата како Влада тоа не го стори, мислам претходната, тоа беше уште пред 1 година и веројатно оваа Влада некаде во своите фиоки го наследи тој акт како нереализиран и можеби требаше да се позаинтересира со него.

Тоа го сторив од едноставна причина, од професионална етика затоа што во сферата на јавното информирање кај нас, особено во верата на печатот имаат еден стравичен монопол што не дозволува никаква плурализација на јавното информирање кај нар. Редакцијата на весникот "Н.Македонија" во тој не законит процес на трансформација си ги .....

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа не е на дневен ред. Да видиме што да ставиме на дневен ред.

**ЉУБОМИР ЈАКИМОВСКИ:**

Дозволете да образложам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Точно, што да ставиме на дневен ред. Сега за тоа расправаме. Инаку, ваше мислење ќе го кажете кога тоа ќе биде на дневен ред. Сега кажете што да биде на дневен ред.

X/7

**ЉУБОМИР ЈАКИМОВСКИ:**

Дозволете да се доискажам, бидејќи бев спомнат тука дека јас сум барал, имало заклучок врз основа на мое барање дека треба да се расправа за информирањето. Јас секогаш категорично се спротивставувам да се расправа за уредувачката политика на средствата за јавно информирање, туку ова Собрание мора, негов долг е да создаде услови за плурализација на информативниот простор во РМ. Јас имам свои предлози за тоа и ќе ги изнесам доколку таа точка дојде на дневен ред.

А, начинот на кој средствата за јавно информирање ги / информираат граѓаните, професионалноста, морало и етиката на  новинарите на овој или оној начин им се враќа, се рефлектира преку неплаќање на претплата, некупување весници. Мислам дека пазарот и конкуренцијата ќе го направат своето и дека тие кои навистина не ја извршуваат таа дејност, професионално ќе мора да згаснат.

Собранието мора да создаде услови за плурализација во сферата на информирањето во Македонија. Го обновувам мојот предлог ова Собрание уште еднаш да се позанимава со процесот на регистрација на "Н.Македонија" од орган на ССРН во општествено претпријатие, потоа предлагам .Собранието да ја задолжи Владата да изготви акт, закон, со што ќе се формира претпријатие за печатарски и маркетинг услуги под наслов "Македонија" со кој закон ќе ги преземе печатницата на "Н.Македонија", која целосно се финансира од Буџетот на Република- акта и поголемиот дел од службата за маркетинг на оваа информативна куќа.

Собранието воопшто нема право, да се меша во редакциската и уредувачката политика на куќата. Таа ќе остане самостојна и на тој начин ќе создадат услови за живеење и на други весници, бидејќи сведоци сме дека во меѓувреме имаше напори и обиди да се плурализира сферата за информирањето, Но сето тоа редакцијата на "Нова Македонија" безочно го

загушуваше.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали сега разјаснивме?

Предлог на дневен ред не е ова што го предлага г-динот Јакимовски. Тоа е сосема друга работа. Тоа е друго. Сега ова да го расправиме.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Дозволете само еден предлог да дадам како поефикасно да дојдеме, бидејќи очигледно се мачиме околу формулацијата на ова прашање кое евентуално треба да се стави на дневен ред на денешнава седница.

Треба да се потсетиме дека имаме права токму во врска со работата на МРТ, бидејќи прашањето беше во врска со расправата во врска со состојбите во МРТ, а сега се прошири и во другите средства за јавно информираше. Јас сум;за тоа бидејќи е основач Собранието на РМ, едноставно да ги искористиме нашите права и да побараме, како што е должна МТВ да поднесе извештај за својата работа. Должна е» тоа е секоја година да го прави.

Според тоа, тој извештај да се побара, а Собранието, можеби во тоа барање да посочи кој се тие прашања за кој е посебно заинтересирано. Извештајот може да содржи посебен осврт на организационите, развојни, концепциски, уредувачки, финансиски, кадровски и други проблеми. Со една таква точка на дневен ред може да се оди со едно барање, обраќање од страна на Собранието до ТВ и да ја потсети дека е должна да поднесе еден таков извештај и да одиме на расправа на наредната седница. Не можеме сега, без никаква информација, без никаков извештај.

X/9

**ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Ова е навистина конструктивен предлог на колегата Поповски, јас го респектирам, меѓутоа, морам да го потсетам ова Собрание, уште пред да се стави Советот на МТВ во нов состав на гласање, јас исто така го побарав извештајот да се стави на гласање, односно да се стави на дневен ред што е нормална процедура за сите извештаи. Меѓутоа, за жал, од сите- извештаи, од редовните извештаи, само овој извештај не се стави на дневен ред, а ми беше речено од страна на претседателот на Собранието дека јас, како член на тој Совет сум требала да го барам, што мислам, барем за мене е несфатливо, затоа што сите извештаи, почнувајќи од ридско- планинските подрачја, сите , тие програми, зашто Собранието е задолжено, се ставаат во нормална процедура. Мислам дева извештајот беше направен во февруари - март, многу децидно, во податоци, со барања, дури и многу ургентно направен од ,страна на вработените и во ТВ и голем б;рој членови На Советот. Тој извештај е веќе испратен во процедура до сите' пратеници. Службата може да се ажурира, тој извештај повторно да го стави на располагање. Незнам што би барале повторно од ТВ освен некои нивни нови согледувања затоа што сето тоа што претходно се бараше веќе го имаат доставено.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Јас го подржувам предлогот на оваа седница, како последна точка да се стави и да се води расправа по извештајот. Сигурно Владата или Министерството за информации, колку сум информиран, без разлика што нема министер за информации, сеуште постои во оваа Влада, ќе подготват еден извештај околу организационата поставеност на средствата за јавно информирање, нивните проблеми, уредувачката политика итн.

X/10

Ние како пратеници, време е веќе еднаш да почнеме да расправаме околу средствата за јавно информирање. Разбирливо ми е што одредени политички структури во овој Парламент настојуваат ова прашање да не дојде на дневен ред со формулација дека треба да се изготви извештај од МТВ итн. за нивната работа. Мислам дека е време да расправаме аз средствата за јавно информирање, затоа што ако вчера и денеска ги читавте весниците и вчера гледавте ТЗВ или слушавте радио, мене ми изгледа дека средствата за јавно информирање во РМ излегува дека се сервис на МВР, односно на Владата....

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да не налагаме во расправа.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Мислам во една демократска земја такво нешто не би требало ,да се случи.

Уште еднаш ќе повторам, го поддржувам предлогот на денешната седница, како последна точка да1влезе и ова прашање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, кое прашање предлагате вие? За што се изјаснувате? За предлогот на г-динот Пановски? Г-динот Пановски предлага на дневен ред да се уврсти, неговиот предлог сега го расправаме сите други само учествуваа о расправата и даваа сугестии. Г-дин Пановски предлага во дневниот ред да се уврсти точка "Организационата поставеност на средствата за јавно информираше и состојбите во Македонската Радио Телевизија".

**СТОЈАН АНДОВ:** (продолжение)

Тоа е формулацијата. Предлагаш да го уврстиме ако немаме материјали.

**МИХАИЛ ПАНВОСКИ:**

Јас предложив, сега ќе повторам, бидејќи имаше многу дискутанти, можеби се заборавиле. Како што кажа господинот претседател предлагам точката под тој назив да биде последна на дневен ред , а со оглед на тоа што седницата има 70 и неколку точки, седницата ќе трае гарантирам неколку денови, значи ќе продолжи другата недела. Имаат време ако сакаат господата и од Македонската телевизија и од Министерството и од Владата да подготват материјал, нека дадат, ќе ни помогнат во расправата. Јас мислам дека состојбата доволно ја познавам и спремен сум да дискутирам по ова прашаше, затоа ја предлагам оваа точка на дневен ред.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Го поддржувам предлогот од г-динот Пановски, со тоа што би го замолил, бидејќи е тој предлагач да го прошири во делот за состојбите на сите средства за јавно информирање, бидејќи евидентни се тенденциите, средствата за јавно информираше се јавуваат во политички партнер на други политички субјекти, што е недозволиво во една демократска земја, особено заради тоа што ги знаеме изворите на финансирање и сеуште нема такви финансиери кои што дозволиле средства за информирање кои што можеле да бидат блиски до одредени политички партии.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Што е сега, преформулација? Состојбите во сите средства за информирање.

XI/2.-

**ВЛАДОМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Во сите не само во македонската радио телевизија да се однесува оценка на состојбата во сите средства за информирање, пред се тука предвид ги имам големите издавачки куќи "Нова Македонија " со своите изданија.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Јас немам многу да ширам, ме интересира пред се да знам што претставува поимот организациона поставеност.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Кога ќе биде точката на дневен ред, поставена, доколку биде поставена, спремен сум на г-динот Јордан Бошков на подолго да му објаснам што подразбирам под поимот организациона поставеност, инаку неколку пати излегувам на говорница и не би сакал да ја замарам јавноста ни јас.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Само мораме да прашаме овој што го изготвува материјалот знае ли што е организациона поставеност, бидејќи треба да направи материјал.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитувани пратеници, ве известувам во името на пратеничка- та група на Социјалдемократскиот сојуз за две мислења по однос на предлогот на пратениците за уврстување на дневен ред. Прво дека ние прифаќаме да се разговара за работата и за извештај за работа само на оние средства за информирање чиј е основач Собранието на Република Македонија и не сакаме да гласаме за работа по извештајот на средства за информирање чиј оснивач не е Собранието на Република Македонија.

XI/3.-

Второ, не прифаќаме да уврстиме на дневен ред точка за која не ми е поднесен материјал, инаку сме за тоа д асе уврсти материјал на дневен ред за работата на Македонската рацио телевизија, меѓутоа од кога ќе добиеме писмена информација. А за тоа кој е надлежен да ја поднесе има уставни и деловнички одредби. Нека поднесе и Пановски, па макар и на две страни или на пола страна информација за работа како пратеник на таа кука, ние ќе расправаме по неа. Меѓутоа, одбиваме да дадеме согласност да се уврсти на дневен ред нешто немаме никаков материјал.

**РАТКА ДИМИТРОВА:**

Почитувани пратеници, сакам да ве потсетам дека уште во 1991 година, некаде април месец, ние расправавме за ова и имаше доста дискусии околу овој многу сличен по формулација предлог. И Собранието целосно покажа интересирање да се расправа за проблемот не само за телевизијата, туку воопшто на средствата за јавно информираше овде во Собранието. Исто како и денеска и тогаш претседателот потсети дека не е тоа возможно без да се добие од владата материјал, така што ние нашиот интерес за ваква расправа го формулиравме така, како едно барање до Владата за подоткова на таков материјал. Ни од првата ни од втората, не добивме ни материјал, ниту писмо со кое не известуваат дека можеби не можат таков материјал да ни дадат. Значи дека интересот за јавното информирање на ова собрание е една тема веројатно доста жешка и во пакет во реализацијата на таква расправа постојано имало пречки. Тоа не е чудно затоа што јавното информирање е главниот нерв на државата и навистина е неодговорно ние и понатаму очекувајќи материјали да не донесеме некоја одлука врзана за време. Лично го подржува, предлогот на пратеникот Пановски, бидејќи сметам дека 70 грчки ќе бараат многу време,

на крајот на дневниот ред ќе се уврсти таква точка, бидејќи веќе имаме извештај од Телевизија, а сметам дека воопшто за средствата за јавно информирање треба да се разговара, ја прифаќам и формулацијата под која што е предлогот за точка на дневен ред дадена.

**ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ:**

Почитувани пратеници. јас исто така се согласувам со иницијативата со пратеникот Пановски, бидејќи кога дискутирав за пратеничкото прашање составено во два наврата во август месец и на последната седница за воведување на емисии за Македонската радио и телевизија на српски јазик не бев задоволен од одговорот, па сам иницирав една таква расправа, но ова го условувам со материјал подготвен за да можеме во расправата сите да се вклучиме и еден конкретен заклучок да донесеме.

**НИКОЛА КРСТЕВСКИ:**

Насловот на предлогот за дополнување на дневниот ред е сосема јасен:"Организациона поставеност на средствата за информирање". Тоа е еден дел, и состојбите и:" состојбите во Македонската телевизија", каде сме основачи бараме и внатрешната политика, а во однос на другото како пратеници мораме да бидеме информирани за сите форми на средства за информирање. Имаме акционерски статус, имаме државен, имаме приватно, имаме од странство кои учествуваат од Америка, приватни телевизии, имаме радио, во тој дел мораме да се информираме како ќе се поставиме во однос на тоа каде сме основачи. Едниот дел е информативен,

другиот е суштински и треба да се прифати на оваа седница, придонес кој како ќе даде, допрва од дополнување на нови информации, ние имавме информација од Телевизија, никој не се заинтересира. И финансиски дали треба нешто да стимулираме, нешто од странство стимулираат, од приватниот сектор сметам правилно си е поставена, толкување накнадно може да се добие.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сега мораме, ако никој друг не бара збор да ја прашаме ли Владата ќе подготви ли под овој наслов материјал и под оваа содржина.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Овие денови кога се најавуваше оваа седница на Собранието на Република Македонија простории веста која имавме прилика и на телевизија и на радио да ја слушнеме и во печатот, а тоа е дека конечно доаѓа една седница на Собранието, каде што ќе се расправаат закони и точки од економската сфера, од сферата на стопанството итн., после низа седници каде што се говореше за чисто политички теми, надворешна политика, меѓунационални односи и таман јавноста помисли дека нешто позитивно се случи кај нас било како Влада, било како Парламент, еве конечно ќе се свртиме кон овие точки, мислам дека сега со оваа расправа и пред се и со пратеничките прашања и сега во утврдувањето на дневниот ред повторно ќе ја разочараме. Доколку помогне, единствено со цел да се помогне, да се прекине оваа расправа околу овој предлог Владата прифаќа да се стави како точка на дневен ред на оваа седница, се разбира да биде последна се разбира 73 по ред, нека биде и така како што е предложено, иако можеби различни луѓе, различно сфаќаат, меѓутоа ќе има некој

XI/6.-

материјал од страна на Владата. Предлагам за вториот дел, а тоа е за состојбите во Македонската телевизија да се искористи веќе направениот извештај од страна на Телевизијата, да се искористи еден дополнително испратен материјал, каде што говори за финансиските проблеми на Македонската радио и телевизија веројатно е испратено и до Собранието, бидејќи имавме прилика како материјал до Владата да го добиеме. Веројатно тие два материјала ќе бидат појдовна основа за расправа, би имале што да се дискутира и би ве замолил ако може, бидејќи навистина имаме многу битни работи, ребалансот на Буџетот е одлука за финансирање, погледнете ги законите сето она за што прозивате зошто Владата не го става денеска е ставено, е најголем дел од нив, меѓутоа, ако вака продолжиме нема да успееме да дојдеме до нив да расправаме и да се изјаснуваме за нив. Ве молам ако со ова може да престане расправата со ова, ние сме согласни и тоа да го преземеме, иако не сум баш сигурен дека е најдобриот пат, меѓутоа во ред, нека биде точка на дневен ред.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи, предлогот на насловот го даде г-дин Пановски, јас овде го наведов. За тоа треба да се направи материјал. Владата прифаќа да направи материјал. Документациона основа за материјалот и да се подели до пратениците извештајот кој е поделен и го имаат пратениците и едно обраќање за економска помош што беше. За што сега немани предлози - ни ништо, нека се предложат од Владата што може да се направи. Тоа е задачата и така ќе се формулира предлогот.

Кој е за, нека крене рака.? (62 пратеника).

Кој е против? (3 пратеника)

Дали некој се воздржа од гласање? (2 пратеници)

Констатирам дека овој Предлог е усвоен.

XI/7.-

**ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, би го замолил Претседателството во иднина, при составувањето на дневниот ред да ги има предвид ратификациите кои што се од меѓународен карактер да ги стават како приоритет. И овој пат точката 23 и 24 би требало да одат како приоритет по донесувањето на Буџетот, или доколку не може да ги расправаме тие две точки иако не сакаме да го измениме дневниот ред, нека остане, меѓутоа да расправаме по точка 23 и 24, од причини што оваа седница ќе трае долго, а секако за ратификација за меѓународните договори да биде што побрзо.

**ТИМЕ АНДОНОВ:**

Бидејќи на 51-та седница расправајќи по точката за промена на претседателот на Комисијата која беше формирана за нередите во одредени општини беше кажано од страна на членови на Комисијата дека во меѓувреме Комисијата го донел извештаите за сите места, па така беше заклучено на оваа седница да се стави точката на дневен ред, иако во меѓувреме немаме добиено материјали, јас мислам дека доста време се одложуваше, нема година време сеуште, треба да ја ставиме сега на дневен ред, а штом се изготвени извештаите ги имаат сите други материјали , мислам дека треба да се допратат денеска и точката да биде на дневен ред поставена, без дискусии бидејќи нема потреба од дискусии.

**МУХАМЕТ ХАЛИЛИ:**

Колку јас се сеќавам, така не заклучивме ние. Ние заклучивме дека Петров не е способен за таа работа.

XI/8.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Друг е предлогот на г-динот Андонов.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Прво ќе му кажам на г-динот Халили тоа е негов, ова Собранието не го заклучи. Затоа нека не прејудицира и нека не наметнува нешто, а што се однесува на предлогот, на Тиме Андонов предлагам да бидат ставени како последни точки, во текот на седницата ќе се добијат писмените материјали, и тоа како четири точки, бидејќи посебни настани се, не се сите заеднички, прво за Радовиш, извештајот, за Скопје и за Дебар.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, Собранието не добило ни еден извештај.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Тоа е случајот за настанот во Струга. Со учесниците од Струга. Тоа е извештајот за инцидентот кај Старата железничка станица во Скопје, со учесници на протесниот митинг од општина Струга. Тоа е третиот извештај.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Извештаите не ви се доставени, ве молам. Овде имаме случај да утврдуваме дневен ред без материјал.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Јас велам дека во текот на седницата ќе бидат доставени. Ако Собранието прифати, во ред.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Требало до сега да биде достоено, па да ги уврстиме.

XI/9.-

Треба да се оди по надлежни комисии, ќе имаме ли време за таа работа? Предлага тоа да се внесе, да се достават материјалите, да ги доста- виме до пратениците.

Ве молам, кој е за предлогот на Андонов, да крене рака? (61 пратеник).

Дали има некој против ?(3)

Дали некој се воздржува од гласање? (1)

XII/1 јм/см

**СТОЈАН АНДОВ:** (Продолжение).

Констатирам дека дневниот ред е утврден.

За редоследот имаме два предлога. Едниот е на господинот Петров точката 21 да се расправа напред пред Буџетот за да се создадат законски обврски за Буџетот, кога ќе се гледа Буџетот да може да биде донесено.

Кој е за тој предлог нека крене рака. Јасно е, прво да се расправа за Законот за Дојранското Езеро, финансирање на втората фаза.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Тоа или треба да се усвои како преседан, или како принцип, затоа што на пр. ние на оваа седница ќе разговараме да речеме и за состојбите во Македонската Радио-телевизија каде што сме ние основачи, односно Собранието е основач и каде што имаат финансиски проблеми и каде што бараат исто така во Буџетот промени итн. Што треба сега? И таа точка да ја ставиме напред, па да видиме што ќе биде заклучокот, па во зависност од тоа да го конципираме ли ребалансот на Буџетот и незнам уште што тука,да речеме за откупот ќе разговараме каде што исто така има финансиски проблеми. Затоа јас сепак би инсистирал нека си остане прва точка Предлог за измена на Републичкиот буџет. По расправата околу ребалансот на Буџетот господинот Петров може таа ставка да ја образлага да речеме зошто да се промени и да ја брани со аргументи, па во зависност од тоа ќе градиме и однос спрема Законот кој што потоа следи. Инаку по тој принцип Буџетот ќе биде последната точка од сите овие

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ние имаме предлог на господинот Петров и мислење и став на Владата.

Кој е за предлогот на господинот Петров нека крене рака. (13 пратеници).

Констатирам дека овој предлог не е усвоен.

Вториот предлог е на господинот Јовчевски точката 23 и 24 да се расправаат напред, пред другите точки на дневен ред.

Кој е за тој предлог нека крене рака. (49 пратеници).

Дали има некој против? (Никој).

Дали некој се воздржува од гласање? (14 пратеници).

Констатирам дека овој предлог е усвоен.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Имам предлог за измена на редоследот на утврдениот дневен ред со тоа што како втора точка да биде Одлуката за времено финансирање на функциите на Република Македонија во 1993 година. Мислам дека нема потреба тоа посебно да го образложувам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор во врска со овој предлог? (Никој).

Кој е за предлогот, молам да крене рака. (68 пратеници).

Дали некој е против? (1 пратеник).

Дали некој се воздржува од гласање? (Еден).

Констатирам дека и овој предлог е усвоен.

Минуваме на **точката 23** - Предлог за донесување на закон за ратификација на протоколот за воспоставување на дипломатски односи меѓу Република Македонија и Република Турција, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за надворешно - политички прашања и односи со странство и Законодавно - правната комисија, ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за ратификација на протоколот за воспоставување на дипломатски односи меѓу Република Македонија и Република Турција.

Кој е за, молам да крене рака. (61 пратеник).

Дали некој е против? (Никој).

Дали некој се воздржува од гласање. (Никој).

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот?

Кој е за, молам да крене рака? (Мнозинството од пратениците креваат рака).

Дали има некој против? (Никој).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека е усвоен предлогот на с?ваа седница да- се претресе и предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој):

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (64 пратеници).

Дали некој е против? (Никој).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на протоколот за воспоставување на дипломатски односи меѓу Република Македонија и Република Турција.

Минуваме на **точката 24** - Предлог за донесување на закон за ратификација на договорот меѓу Република Македонија и Република Бугарија за воспоставување на конзуларни односи и отворање на генерални конзулати во двете земји, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на Законот со Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за надворешно - политички прашања и односи со странство и ЗПК ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Република Македонија и Република Бугарија за воспоставување на конзуларни односи и отворање на генерални конзулати во двете земји.

Кој е за, молам да крене рака? (63 пратеници).

Дали некој е против?(Никој).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Кој е за, молам да крене рака? (Мнозинството од пратениците креваат рака).

Дали некој е против? (Никој).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?(61 пратеник).

Дали некој е против? (Никој).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Договорот меѓу Република Македонија и Република Бугарија за воспоставување на конзуларни односи и отворање на генерални конзулати во двете земји.

Минуваме на **точка 72** - Предлог за донесување на одлука за привремено финансирање на функциите на Република Македонија во 1993 година.

Дали Комисијата го гледала ова?

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Јас кога предлагав сметав дека како прва точка е Буџетот, а како втора точка да биде Одлуката за привремено финансирање. Бидејќи Комисијата за финансирање и буџет не ја гледала оваа одлука, а исто така и амандманите поднесени од пратениците, бидејќи немавме мислење на Владата до почетокот на седницата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи, одиме прво на Буџетот.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Како член на Комисијата за финансирање и буџет сакам да кажам дека амандманите, поголем дел кои се доставија денес на Предлогот за изменување на Буџетот, Комисијата за буџет не ги разгледа. Затоа, не можеме да преминеме ниту на оваа точка.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ќе минеме на она што можеме и денес ќе работиме до 17,00 часот.

Минуваме на **точката 25** - Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за поттикнување на развојот на земјоделството, со Предлог на закон.

Ве молам, паѓаме во противречност. Овие закони можат да создадат материјални обврски кои произлегуваат, или не произлегуваат од Буџетот, а ние Буџетот не сме го донеле. Добро, само прекршоците.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на закон и извештаите на Комисијата за земјоделство и шумарство и ЗПК ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесуваше на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за поттикнување на развојот на земјоделството.

Кој е за, молам да крене рака (50 пратеници).

Дали некој е против? (Никој).

Дали некој се воздржува од гласање? (Еден пратеник).

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака. (Мнозинството пратеници креваат рака).

Дали има некој против? (Никој).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно - правната комисија поднесе амандмани на член 1 став 1 и 2 и член 2 со кои се согласил претставникот на предлагачот и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?(Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на закон го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (54 пратеници).

Дали некој е против? (Никој).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на Законот за поттикнување на развојот на земјоделството.

Минуваме на **точка 26** - Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за шумите, со предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за земјоделство и шумарство и ЗПК Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на Закон за изменуваше на Законот за шумите.

Кој е за, молам да крене рака? (61 пратеник).

Дали некој е против? (Никој).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака? (Мнозинството од пратениците креваат рака).

Дали има некој против? (Никој).

Дали некој се воздржува од гласање? (Два пратеника).

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Законодавно - правната комисија поднесе амандмани на член 1 став 1 и 2, член 2, став 2, член 3, став 2 и член 4 став 2 со кои се согласил претставникот на предлагачот и тие се составен дел на Предлогот на законот.

ЗПК поднесе амандмани за бришење на ставот 3 на член 1 и за бришење на членовите 7 и 8 по кои Владата не се произнесе.

Пратеникот Тодор Петров поднесе амандмани на член 1 став 1, член 2 став 1, член 3 став 1, член 4 став 1, член 5 и член б. Член 1 став 2, член 2 став 2, член 3 став 2 и член 4 став 2 и на член 7. Пратеничката група на Илинден - Слободни демократи поднесе амандман на член 7 со кој Комисијата за земјоделство и шумарство не се согласи.

Отворам претрес по амандманот за бришење на ставот 3 на член 1 поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТОМЕ ЗИМБАКОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, Владата останува при предложениот текст и предлагаме амандманот да не биде усвоен. Ова од причина што овде не е предложена материјална измена на материјална одредба, туку се работи само по делот на казнените одредби. Бидејќи се во пакет овде законите прифаќаме секаде каде што има правно техничка измена се согласуваме со овој дел, а во делот на амандманот каде што е за заштитните мерки сметаме дека не постојат правни пречки во оваа фаза да бидат предвидени и заштитни мерки како составен дел на висината на казните и на казнените мерки.

XIII/1 пј/вц

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Абдурахман Алити.

**АБДУРАХМАН АЛИТИ:**

Во својство на известител на Законодавно - правната комисија должен сум уште еднаш да го афирмирам ставот на Комисијата пред Собранието. Имено се работи за целиот пакет на закони во областа на земјоделството, шумарството, водостопанството за кои со дотогашните решенија немаа пропишани заштитни мерки. Какви што се, забрана за обавување на определена дејност, забрана за обавување на определена професија итн. Законодавно - правната комисија смета дека по скратена постапка не може да се пропишуваат и заштитни мерки туку се работи за овластување дадено со Законот за изменување и дополнување на Законот за прекршоците и Законот за изменување и дополнување на Законот за стопанските претставки на органите во рок од 30 дена да ги усогласат паричните казни со измените во законот за стопански престапи односно за прекршоци. Бидејќи можноста за пропишуваше на заштитни мерки, таа постоела, тоа не е направено навреме, не се прави во со закон предвидена постапка, туку по итна постапка, ние исто така можеме да оцениме дека ако Законот го донесеме по редовна постапка, да оцениме дека за одделен вид прекршок или стопански престап е потребно да се пропишат заштитни мерки. Меѓутоа, оваа фаза со оглед на тоа дека се користи скратената постапка според наоѓањето на Законодавната комисија, оваа работа треба да отпадне и амандманите на Законодавно - правната комисија што се однесуваат за бришење на одредени ставови каде што се заведени заштитните мерки да се уважат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Стојан Миленковски.

**СТОЈАН МИЛЕНКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, Комисијата за земјоделство и шумарство ги разгледа и овие предлози, сугестии и ставови од Законодавно - правната комисија што се однесува на овие членови за бришење на мерките кои се, меѓутоа, Комисијата зазеде став овие да останат како казнени одредби од причини што во праксата се случува прекршоците што ќе се направат и користењето неправилно, законски, на пр.премии регреси или полски штети или било што да бидат многу поголеми од казната која се предвидува. Заради тоа со овие мерки дополнителни мислам дека законите ќе бидат во функција. Инаку ако не се преминуваат, а бидат казните помали од направените штети, тогаш нема да бидат во функција.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Во врска со заклучокот на Законодавно - правната комисијата дека во Предлог на законот кој е на дневен ред и другите закони каде што се предлага амандман да се бришат заштитните мерки, јас како член на ЗПК заедно со уште еден член на ЗПК имавме издвоено мислење и тоа стои во извештајот. Известителот овој закон не успеа тоа да го каже. Од кои причини незнам.

Издвоеното мислење се однесува во следното што ЗПК на таков начин го наруши деловникот за работа и излезе од ингеренциите на своите овластувања. Од причини што основна нејзина задача е да цени дали има потреба од донесување на закони и дали го надградува правниот систем. Тоа во извештајот на ЗПК постои. Видно е и доставен е извештајот. Тоа што се впушта во друга расправа и донела таков заклучок, јас незнам, од нејзе само познати причини. Јас укажав и на седницата на комисија и такво размислување не беше спремна останатите членови тоа да го валоризираат. Моето мислење е дека заклучокот на ЗПК има одредена

политичка тежина во смисла на тоа што се впушта во оценка за тоа што треба Владата и какви мерки треба да презема во надлежност за состојби кои ги утврдува во практиката. Ако на таков начин се прави опструкција за работата на Владата и извршните органи да преземаат одредени мерки во областите во кои органите се надлежни, притоа упатувајќи ги во редовна постапка на носење на нови закони да го прават тоа со такви мерки, тогаш се создава една правна празнина која може опасно да влијае на практичниот општествено -економски живот во Републиката.

Од една страна да се соочуваме со хаос и безредие во состојбите, а од друга страна да немаме нормативa врз основа на која можат надлежните органи да преземаат соодветни мерки. Предвидените заштитни мерки во овие закони се во функција на тоа. Покрај мерката казна прекршочна што е, законска, парична итн. да се запрети со висина на заштитна мерка. Впрочем и самиот систем на казни оди комбинирано и во другите области како што оди. Заштитните мерки често одат пропратно со казните. Таквиот начин на размислување кои се причините, Законодавно - правната комисија не сакаше да ги уважи.

**АБДУРАХМАН АЛИТИ:**

Јас немав задача да информирам кој како гласал на Законодавно - правната комисија, зашто тоа не е моја задача, тоа пишува во извештајот. Мојата задача беше да кажам следното. Не впуштајќи се во материјална расправа. Воопшто не е спорно дека има потреба од воведуваше на заштитни мерки. Тоа ние не го спориме. Ние ја спориме постапката за донесување на закон. Еве од кои причини. Точно е тоа дека Законот за

шуми живее веќе 10 или 15 години, па дозволете ако имало проблеми, а веројатно ги има зошто навреме не е покренато ова прашање пред еден месец да се даде во редовна постапка и да се донесе законот со заштитни мерки. Јас воопшто не прејудицирам некој иден став на ЗПК дека не треба да се пропишува заштитни мерки. Затоа што тоа не е наше право. Меѓутоа наше е правото да кажеме дали законот се донесува во пропишана постапка. Ставот на ЗПК лош, арен е тој. Таа смета дека овие закони, бидејќи се донесуваат по скратена постапка не треба да содржат одредби за воведување на заштитни мерки туку само за усогласување на казните. Ако предлагачот односно Владата сака да воведе заштитни мерки нека тоа го направи во со закон и деловник пропишана постапка. Не станува збор, господа пратеници за никаква опструкција затоа што законите важеле со децении и за шумите и за козите и за семето и за заштита на растенијата итн. Јас не спорам дека имало проблеми , ќе ги има. Ако сакаме да се бориме против проблемите, ќе воведеме и заштитни мерки, меѓутоа не на начин како што се предлага. Не по итна постапка.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

За тоа дека законот за козите и законот за шумите дека постојат 20 години, постојат тие, но одговорот на прашањето што го постави господинот Абдурахман може да се најде и во контра прашање. Зошто господин Абдурахман, пошто во Република Македонија постои 40 години претходно Собрание на Република, па не беше избран за пратеник, овде, туку чекаше да дојде плуралистички односи па да дојде како пратеник во ова Собрание. Значи секое зошто си има за. Или да го поставиме друго прашањето, што е веројатно поблиску до вистината дека законот за шумите и законот за козите на начин како што предвидуваа досега казните функционираат како

што функционира со помош на политичката држава и принуда, а не со помош на законот што имаше сила. Со оглед на тоа дека правиме правна држава сега каде што треба законите да функционираат, веројатно слабо се нема политичка пресија, па треба додатно запретување со одредена казна. Веројатно оттаму и потребата на заштитна мерка и на тие таквите стари закони да можат во практиката да профункционираат во една правна држава. Мислам дека овие проблеми господинот Абдурахман подобро ги знае.

По однос на прашањето за постапката на законот, дали по итна и скратена постапка, ова Собрание носеше овде согласно деловникот и други закони по итна постапка. Јас да ве потсетам само за законот за народна одбрана, итноста зависи од оценката на ова Собрание на овој парламент дали тие состојби треба да се регулираат по итен пат вака како што требаат. Ако ние секојдневно трубиме во јавноста и гледаме сме сведоци дека постои хаотична состојба во сите сфери, кој е поголемиот аргумент и причина да не прифатиме итност во носење на ваквите закони во делот на предвидувани заштитни мерки.

**АБДУРАХМАН АЛИТИ:**

Јас се извинувам, навистина сега ова испаѓа дека се бранам од нечиј напад, макар што претходниот говорник немаше никаква причина да ме напаѓа на тој начин, затоа што јас бранам свој став меѓутоа, тоа е став и на Комисијата. Законот е принуда, самиот закон е принуда. Принуда на државата се обезбедува низ закон. Законот за шумите го зедовме како пример. Тој постои. Законот за козите постои. Можноста за воведување мерки на. мерките постои. Законот за шумите е во процедура за донесуваше на нов закон за шуми, кој што предвидува стопанисување, одгледување итн. на шумите. Во таа постапка, во тој закон ќе се пропише и

заштитна мерка. Законот за шумите има многу заштитни мерки. И сега се применуваат. Овие се некои дополнителни. Нема никаква причина сега тука да се спориме, на крајот за тоа ќе гласа Собранието, меѓутоа да не излеземе со нерасчистени работи тука дека некој сака да прави опструкција Владата да не ја спроведува политиката утврдена со закон. Тоа воопшто не е точно. Тоа е чиста инсинуација и мислам како таква треба да се одбие.

**ЏЕЛИЛ ТАИРИ:**

Веднаш да кажам дека го прифаќам предлогот на ЗПК со тоа што овде беа кажани од нивниот претставник и основните причини за нивниот предлог и сметам дека битно е прво со овие предлог на измени на овие закони ни е постигната основната цел со усогласување на казната. Елементот инфлација е внесен тука. Процедурата околу предлагање на заштитните мерки мислам дека не е во ред во една брза ваква постапка тоа да мине со оглед на тоа дека, сепак, треба да се остави простор на организациите кои што стопанисуваат со шуми, пасишта итн. и други носители кои се спомнуваат во овие предлог-измени на закони да го кажат и својот збор. Сметам дека, сепак, треба еден мал простор за една јавна расправа за да тоа биде во редовна постапка, а не уз овие казнени одредби да мине преку мала врата и заштитните мерки кои што за мене не е најдемократски начин.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Марин Мленковски.

**МАРИН МИЛЕНКОВСКИ:**

Јас не навлегувам во расправата меѓу правниците тука, меѓутоа, јас би ги прашал за последиците од недонесување на овие заштитни мерки. Во сите закони што се од оваа област секој сторен прекршок или стопански

престап може да биде повисока од казната... во тој случај законот е неприменлив и тие штети ќе бидат уште поголеми. Земете ги шумарството, ако некој пресече огромни количини на дрва и ги пренесе, сега ако тие не му се одземат, а само ако помине со казната, тогаш законот навистина нема да биде во функција. Истото тоа е со законот за рибарство. Може некој да улови риби во многу поголеми количини, отколку што се казните. Законот во тој случај не би бил применлив. Сега што се однесува до овој вакум, ако се створи во тој вакум, тогаш ќе настанат големи последици. Какви ќе бидат тие треба да ги процениме. Затоа јас предлагам и Комисијата тоа предложи да не се прифати овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави господин Алил Џаферовски.

XIV/1 НН/ЛБ

**АЛИЛ ЏАФЕРОВСКИ:**

Бидејќи овие закони се, односно измената на овие закони се предлага заради усогласување со Законот за прекршоците и Законот за стопанските престапи мене не ми е јасно и би сакал Законодавно правната комисија да објасни овде зошто тогаш не стави забелешка на начинот и постапката за донесување на тие закони, туку сега става забелешка на постапката за донесување на законите кои се усогласуваат со тие два клучни закони кои едногласно беа усвоени овде. Мислам дека не држи воопшто место забелешката на Законодавно правната комисија да не се изврши усогласување на овие закони. И не само на овие, веројатно ќе има усогласуваше од областа на културата и од сите области усогласувања со тие два закони (Законот за прекршоци и Законот за стопанските престапи.)

Затоа предлагам да не се усвои амандманот на Законодавно правната комисија.

**АСЛАН СЕЛМАНИ:**

Прво, мислам дека секој закон кој што произлегува е обврска за граѓаните. Мислам дека обврските што ќе произлегуваат од овој закон нема да ги спроведуваме ние овде во Парламентот, туку граѓаните, токму тие што се најмногу погодени. Мора да се запази постапката на јавна расправа. Тоа е прво и без дилеми да мора да се оди на јавна расправа.

Второ, и досега заштитните мерки што беа по сите закони, и Закон за шумите и другите закони а и оние што се предложени денес по овој закон, мислам дека вакви казни имало само во системот на инквизиција. Апсолутно се фаќа човек кој што крадел случајно во шумата некое дрвце и му се зема тракторот. Тоа мислам дека со ништо не е поврзано.

Законот кој што произлегува обврски за тоа, другарот Наќе Стојановски знае подобро, мора да оди на јавна расправа.

XIV/2

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Малку ќе се судрам со правниците бидејќи слушам некои термини тука дека законот претставува исклучива принуда. Јас незнам дали професорите на правниот факултет така би се сложиле, меѓутоа лично јас толку сум убеден и колку ја познавам таа проблематика законите немаат само принуда во себе, туку имаат и превентива. Превентивата е најголемиот елемент во таа смисла, превентивно да делува на човекот да не го создаде она кривично дело кое е на штета на целокупниот народ. Во таа смисла овој закон треба така да го цениме Јас како пратеник не сум дипломиран правник, меѓутоа тврдам дека вака заштитна мерка има извонредна превентивна заштита да не ги крадеме рибите, да не ја уништуваме шумата, да не ги уништуваме пасиштата и се она што треба. Од сите тие аспекти тврдам најобјективно дека овој закон има потреба од итна постапка и треба да се удвојат овие постапки и да го донесеме како таков.

**ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Почитувани пратеници, бидејќи имав можност да работам со прекршочниот закон во својата досегашна работа реков дека стариот закон само ги стимулираше прекршоците и како еден од првичните закони што оваа Влада го донесе со многу повисоки казни јас го поздравив донесувањето на овој закон. Меѓутоа доколку со овој закон, јас не навлегувам во правната проблематика дали е во ред или не, меѓутоа доколку со овој закон не се донесат и заштитните мерки ние повторно ќе вршиме стимулирање на прекршоците, меѓутоа стимулирање на прекршоците кои што носат поголема материјална корист. Значи еднакво ќе бидат казнети и оној кој што условно малку краде и оној кој што многу краде, со тоа што оној кој многу краде ќе може да си ја обезбеди материјалната вредност за разлика од оној кој што ќе биде казнет со истата казнена мерка како вториот.

XIV/3

**БЕКИР ЖУТА:**

Почитувани пратеници незнам зошто се мачиме и што сакаме да докажеме. Вие сте сите сведоци што се случуваше цела 1991 година и речиси цела 19 92 година, се до донесувањето на законот за прекршоци и Законот за стопанските престапи, затоа што ниту Владата, ниту Собранието можеа да обезбедуваат казнена политика ефикасна во поранешниот систем што го имавме во утврдување на фиксирани износи, затоа што дури траеше оставката во Собранието за измени и дополнување на тие фиксирани износи одеа во аут ефектите очекувани од таквите утврдени износи. Тоа што тврди Законодавно правната комисија дека основано е да се предвидат и заштитни мерки, меѓутоа кај неа внесува извесна забуна фактот дека тие мерки можат во друга постапка а не и во скратена постапка, и дека можела Владата да ги предлага тие измени на закони во ова време овде, мислам дека нереални се прво претпоставките за таквата концепција од причини што правниот основ за ваков начин на уредување на односите се создаде со донесување на тие два закони. Откако стапија во сила тие два закони гледате цела една серија закони се доставува до Собранието за измени и дополнувања во казнената политика, но не само кај паричниот дел , туку и кај заштитните мерки затоа што доколку во одредени сфери не одат паралелно и едното и другото комплексните ефекти нема да се остваруваат.

Ве молам допуштете ја оценката што секогаш ова Собрание исто така реално ја даваше дека се случуваат чуда во примената на законите, а се случуваат чуда поради тоа што немаше никаква казнена политика односно самите казни и нивната висина и мерките беа стимулативни за да грешат луѓето а не да се тргнат од грешки.

Ве молам ние можеме само сопки за себе и да стварамe услови и понатаму да имаме проблеми во практичниот живот ако ова не се уважува. Ве молам во име на Владата да се има предвид и да се уважат овие измени, комплет, и заштитните мерки и паричниот дел.

**АСЛАН СЕЛМАНИ:**

Мислам дека основа на секој закон е да делува воспитно за оној што греши, законот има за намера да го изигра тој што погрешил. Заштитна мерка се употребува во друга смисла, не во цивилните од- носи на граѓаните. Тоа е заштитна мерка во кривично и мислам дека ги имаме помешано овие поими. Овде всушност не е воспитно, туку имаме советнички. Му се осветуваме на тој што правел тоа, а целта на овој закон не е тоа. Тоа е основно и тоа е појдовна основа на секој закон. Ако е тоа намерата на тој што грешил да му се осветиме тогаш грешиме апсолутно. Веројатно и Уставниот суд ќе има работа со тоа.

**АБДУРАХМАН ХАЛИТИ:**

Јас се извинувам, ова е последен пат што за оваа работа излегувам, меѓутоа сакам нешто да кажам. Не им замерувам на луѓето кои што поради недоволно информираност ги заменуваат тезите, туку на оние што намерно тоа го прават.

Смислата на нашето укажување е следното. Законот за прекршоците, за изменуваше и дополнување, Законот за прекршоците е донесен и влезен во сила на 29 октомври. Со членот 13 е речено дека паричните казни пропишани како прекршоци во одделни закони и други прописи ќе се усогласат со износите на паричните казни утврдени во членовите 1 и 2 на овој Закон во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон. Тука е обврска за усогласување на паричните казни со измените на законот за прекршоци, кој што тука е донесен. На паричните казни господо. Тој

законодавец, кој што го пишувал законот ако сакал ќе речеше на паричните казни и заштитните мерки. Никој не му бранеше. Ние ќе го гласавме тој закон. Сега што правиме ние тука. Се убедуваме во нешто што сосема сме убедени.

Законодавно правната комисија уште еднаш потенцира е на мислење дека има уставен основ за донесување на законот и овој закон го подобрува правниот систем. Тоа не е спорно. Задачата на комисијата е завршена сосема. Меѓутоа, задача е исто така на комисијата да укажува, не да натера некого со сила да гласа или да не гласа, да укажува дека оваа работа не е сосема во ред. Тука сме сите, ако сакате и јас ќе гласам меѓутоа немојте со замена на тези да докажуваме нешто што нема покритие. Јас за тоа се залагам.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Почитувани дами и господа. Од целото време на расправа за овој закон јас добив впечаток дека во коалицијата која моментално треба да стои зад овие закони е основната пречка ...

(реагирање на пратениците)

Јас не протестирав вие што дискутиравте.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Затоа што за амандманот треба да зборувате, што за коалиција Зборувајте за амандманот.

**ГОРГИ КОТЕВСКИ:**

Точно за амандманот дискутирам. Ако ние имаме комисија во Собранието како помошно тело и дава соодветно квалитетно и валидно мислење тогаш во самата коалиција треба да си ги расчистат работите кој за што се и да не ги вадат нечистите алишта овде во Парламентот и да го масираат скоро половина сат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам дали уште некој бара збор по амандманот.

Не бара.

Бидејќи никој друг не бара збор по амандманот го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? ( 17 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за бришење на ставот 3 на член 1 поднесен од Законодавно правната комисија

Отворам претрес по амандманот на член 1 став 1, член 2 став1 член 3 став 1 член 4 став 1, член 5 и член 6 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

(Тие се прифатени бидејќи се од техничка природа)

Отворам претрес по амандманот на член 1 став 2, член 2 став 2, член 3 став 2 и член 4 став 2 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

(И овој амандман е прифатен од претставникот на Владата)

Отворам претрес по амандманот за бришење на членовите 7 и 8 поднесен од Законодавно правната комисија.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПРЕТСТАВНИК НА ВЛАДАТА:**

Остануваме на предлогот не го прифаќаме амандманот

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам дали некој бара збор. (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (1 пратеник)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за бришење на членовите 7 и 8 поднесен од Законодавно правната комисија.

XIV/7

Отворам претрес по амандманот на член 7 поднесен од пратеникот Тодор Петров и од пратеничката група на Илинден слободни демократи.

Молам кој бара збор (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласаше.

Кој е за молам да крене рака? (3 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 7 поднесен од пратеникот Тодор Петров и од пратеничката група на Илинден слободни демократи.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака ? (67 пратеници)

Дали има некој против (нема)

Дали некој се воздржува од гласање (1 пратеник)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување на Законот за шумите.

Минуваме на **точката 27** - Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за берзи за земјоделско прехранбени производи со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на комисијата за земјоделство и шумарство и законодавно правната комисија ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара збор ? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлага да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на Закон за изменување на законот за берзи за земјоделско прехранбени производи.

Кој е за молам да крене рака (68 пратеници)

Дали има некој против (нема)

Дали некој се воздржува од гласање (никој)

Констатирам дека Заклучокот е усвоен .

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Кој е за молам да крене рака ? (пратениците креваат рака)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претреси и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по предлогот на закон.

Молам кој бара збор (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Законодавно правната комисија поднесе амандмани на член 1 став 1 и 2 и на член 3 со кој се согласи претставникот на предлагачот и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Тодор Петров поднесе амандмани на член 1 став 1 и член 2; член 1 став 2 и на член 3 а пратеничката група на Илинден слободни демократи поднесе амандман на член 3 со кој не се согласил претставникот на предлагачот на седницата на Комисијата за земјоделство и шумарство.

Отворам претрес по амандманот на член 1 став 1 и член 2 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (5 пратеника)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 1 став 1 и член 2 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманов на член 1 став 1 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Ги повлекува.

Отворам претрес по амандманот на член 3 поднесен од пратеникот Тодор Петров и од пратеничката група на Илинден слободни демократи.

(пратеникот Тодор Петров и пратеничката група на Илинден слободни демократи го повлекуваат амандманот.)

Преминуваме на претрес по текстот на предлогот на законот.

Молам кој бара збор (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака (61 пратеник)

Дали има некој против (нема)

Дали некој се воздржува од гласање (2 пратеника)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување на Законот за берзи со земјоделско прехранбени производи.

Преминуваме на **28-та точка** - Предлог за донесување на Закон за изменување на Законот за управување и користење на пасишта и утрини, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на Законот за Предлогот на закон и извештаите на Комисијата за земјоделство и шумарство и Законодавно - правната комисија Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување на законот за управување и користење на пасишта и утрини.

Кој е за, молам да крене рака.

62 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за молам, да крене рака.

54 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од прашање (Никој).

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон .

XV/2.-

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Законодавно - правната комисија поднесе амандмани на член 1 став 1 и 2, член 2 и член 4, со кои се согласил претставникот на предлагачот и тие се составен дел на предлогот на закон.

Законодавно - правната комисија поднесе амандмани на член за бришење на став 3 и на член 3 за бришење на став 2, по кои Владата не е произнесена.

Пратеникот Тодор Петров поднесе амандман на член 1 став член 2, член 3, член 4, член 1 став 2 и член 5, а пратеничката група на Илинден - Слободни демократи поднесе амандман на член 5, со кои t се согласил претставникот на предлагачот на седницата на Комисијата за земјоделство и шумарство.

Отворам претрес по амандманот на член 1 за бришење на став 3 поднесен од законодавно - правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Останувате на вашето.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

9 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 1 за бришење на став 3 поднесен од Законодавно - правната комисија.

XV/3.-

Отворам претрес по амандманот на член 3 за бришење на став 2 поднесен од законодавно - правната комисија.

го молам претставникот на Вадата да се произнесе.

Не прифаќаат.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот п о амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

7 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 3 за бришење на став 2 поднесен од Законодавно - правната комиси;

Отворам претрес по амандманот на член 1 став 1, член 2 , член 3 и член 4 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам, кој бара збор (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

6 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 1 став 1, член 2, член 3 и член 4 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 1, став 2 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам, кој бара збор (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

XV/4.-

Шест пратеници гласаа за:

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 1 став 2 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 5 поднесен од пратеникот Тодор Петров и од пратеничката група Илинден слободни демократи.

Молам, кој бара збор (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

9 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 5 поднесен од пратеникот Тодор Петров и од пратеничката група на Илинден - слободни демократи.

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на закон

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на закон го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

77 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување на законот за управување и користење на пасишта и утрини.

Преминуваме на **29-та точка** - Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за ловот со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон со Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за земјоделство и шумарство и Законодавно - правната комисија Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

XV/5.-

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за ловот.

Кој е за, молам да крене рака.

69 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака.

63 пратеници гласа за.

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање (Никој)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Законодавно правната комисија поднесе амандмани на член 1 став 1 и 2; и член 2 став 2, со кои се согласил претставникот на предлагачот и тие се составен дел на текстот на предлогот на законот.

Законодавно-  правната комисија поднесе амандман на член 4, по кој Владата не е произнесена.

XV/6.-

Пратеникот Тодор Петров, поднесе амандман на член 2 став 1, и член 3, член 1 став 1, и член 2 став 2, и член 4, а пратеничка1: група на Илинден - слободни демократи поднесе амандман на член 4, со кој не се согласил претставникот на предлагачот на седницата на Комисијата за земјоделство и шумарство.

Отворам претрес по амандманот на член 1 став1 и член 2 став 2, поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам, кој бара збор (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

7 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 1 став 1 и член 2 став 2 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 2 став 1 и член 3 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам, кој бара збор (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

Троица пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 2 став 1 и член 3 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 4 под- несен од Законодавно - правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Владата тоа го прифаќа.

XV/7.-

Тој е прифатен.

Отворам претрес по амандманот на член 4 поднесен од пратеникот Тодор Петров и од Пратеничката група на Илинден Слободни демократи.

Молам, кој бара збор (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

7 пратеници гласа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 4 поднесен од пратеникот Тодор Петров и од пратеничката група на Илинден Слободни демократи.

Продолжуваме со претрес по текстот на законот.

Молам, кој бара збор. (Никој)

бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

76 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување на законот за ловот.

Преминуваме на **30-тата точка** - Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за водите, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за земјоделство и шумарство и Законодавно - правната комисија Ви се доставени односно поделени.

XV/8.-

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на Закон за изменување на Законот за водите.

Кој  е за, молам да крене рака?

65 пратеници гласаа за.

Констатирам дека заклучокот е усвоен

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Кој е за, молам да крене рака.

69 пратеници гласаа за.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Законодавно - правната комисија поднесе амандмани на член ] став 1 и 2; член 2 став 2; член 3 став 2; член 4 став 2; член 8 и член 10 со кои се согласил претставникот на Предлагачот и тие се составен на текстот на Предлогот ш законот.

Пратеникот Тодор Петров поднесе амандмани на член 1, став 1, член 2 став1, член 3 став 1, член 4 став 1, членовите 5,6,7, 8,9 и 10, член 1 став 2, член 2 став 2, член 3 став 2, член 4 став 2, и член 11, а пратеничката група на Илинден слободни демократи поднесе амандман на член 11, со кои не се согласил претставникот на предлагачот на седницата на Комисијата за земјоделство и шумарство.

XV/9.-

Отворам претрес по амандманот на член 1 став 1, член 2 став 1, член 3 став 1, член 4 став 1, членовите 5, 6, 7, 8, 9 и 10 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам, кој бара збор (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

10 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 1 став 1, член 2 став 1, член 3 став 1, член 4 став 1, членовите 5,6, 7,8, 9 и 10, поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 1, став 2, член 2 став 2, член 3 став 2, и член 4 став 2, поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам, кој бара збор (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

6 пратеници гласа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 1 став 2, член 2 став 2, член 3 став 2, и член 4 став 2, поднесе од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 11, поднесен од пратеникот Тодор Петров и од Пратеничката група на Илинден - Слободни демократи.

XV/10.-

Молам, кој бара збор (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

7 пратеници гласаа за.

